# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА КОМБИНИРАНО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВАТА

## ОДДЕЛ 1

## ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

### ОПШТИ ОДРЕДБИ
### Член 1

(1) Овие Посебни услови за комбинирано осигурување на семејствата (во натамошниот текст: Услови) се составен дел на договорот за комбинирано осигурување на семејствата што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување и реосигурување Македонија, Скопје - Виена Иншуренс Груп (во натамошниот текст: осигурувач).

(2) Со овие Услови се регулираат односите помеѓу договарачот на осигурувањето и осигурувачот по договорените видови осигурување на домаќинството, моторните возила и членовите на семејството на договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот, за осигурените случаи наведени во полисата за осигурување, а регулирани во одделите 2, 3 и 4 на овие Услови.

### ЗНАЧЕЊЕ НА ОДДЕЛНИ ИЗРАЗИ
### Член 2

(1) Одделни изрази во овие Услови значат:

**Осигурувач** - Акционерското друштво за осигурување и реосигурување Македонија, Скопје - Виена Иншуренс Груп.

**Понудувач** - лице што сака да склучи осигурување и за таа цел поднесува писмена понуда до осигурувачот.

**Договарач** - физичко или правно лице што има интерес да не настане осигурениот случај и ќе склучи со осигурувачот договор за осигурување.

**Осигуреник** - лице чиј имот е осигурен и кому му припаѓаат правата од договорот за осигурување, како и лице од чија смрт од незгода, здобивање со траен инвалидитет или нарушување на здравјето зависи исплатата на осигурената сума, односно надоместот.

**Корисник** - лице на кое му се врши исплатата на надоместот, односно на осигурената сума.

**Полиса** - писмена исправа за склучениот договор за осигурување.

**Осигурен случај** - настан со оглед на кој се склучува осигурувањето, кој мора да биде иден, неизвесен и независен од исклучивата волја на договарачот или на осигуреникот.

**Осигурена сума** - износ на кој имотот, односно имотниот интерес е осигурен, и највисокиот износ на обврските на осигурувачот.

**Премија** - износ што договарачот е должен да му го плаќа на осигурувачот врз основа на договорот за осигурување.

**Листа на покритие** - привремен доказ за склученото осигурување, кој ги содржи сите суштествени елементи на договорот за осигурување и ја заменува полисата за осигурување.

### ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИ ОДНОСИ
### Член 3

(1) За сите права и обврски на договорните страни, како и на трети лица, што произлегуваат од договорот за осигурување, кои не се регулирани со конкретниот договор и со овие Услови, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

### СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
### Член 4

(1) Договорот за осигурување е склучен кога договарачот и осигурувачот ќе ја потпишат полисата за осигурување или листата на покритието.

(2) Договор за осигурување се склучува врз основа на писмена понуда за комбинирано осигурување на семејството, образец на осигурувачот, која ги содржи сите потребни податоци за утврдување на суштествените елементи на договорот за осигурување.

(3) Ако осигурувачот не ја прифати писмената понуда, должен е во рок од осум дена од денот на нејзиниот прием писмено да го извести понудувачот за тоа.

(4) Ако осигурувачот не ја одбил понудата, која не отстапува од условите по кои се врши осигурувањето, ќе се смета осигурувањето за склучено од денот кога понудата пристигнала кај осигурувачот.

(5) Ако осигурувачот ја прифатил понудата само под изменети услови од оние наведени во понудата, осигурувањето е склучено од денот кога понудувачот се согласил на изменетите услови.
(6) Се смета дека понудувачот се откажал од склучување договор ако на изменетите услови не се согласил во рок од осум дена од денот на приемот на препорачаното известување од осигурувачот.
(7) Сите изјави и барања што договарачот и осигурувачот си ги поднесуваат еден на друг во врска со договорот за осигурување мора да бидат поднесени во писмена форма. Се сметаат за поднесени оној ден кога ќе ги прими страната на која се упатени.

## ПОЛИСА И ЛИСТА НА ПОКРИТИЕ
### Член 5

(1) Во полисата за осигурување мора да бидат наведени: договорните страни, осигурениот предмет, односно осигурените лица, ризикот (осигурениот случај) опфатен со осигурувањето, траењето на осигурувањето и периодот на покритието, сумата на осигурувањето, премијата, датумот на издавањето на полисата и потписите на договорните страни.
(2) Полисата за осигурување може да биде привремено заменета со листа на покритие, во која се внесуваат суштествените елементи на договорот.
(3) Осигурувачот е должен да го предупреди договарачот на осигурувањето дека Посебните услови за осигурување на семејството се составен дел на договорот и да му го предаде нивниот текст, ако тие услови не се испечатени на самата полиса.
(4) Извршувањето на обврските од претходниот став на овој член мора да биде констатирано на полисата.
(5) Во случај на несогласување на некоја одредба од Условите и некоја одредба од полисата, ќе се примени одредбата од полисата, а во случај на несогласување на некоја печатена одредба на полисата и некоја нејзина ракописна одредба, ќе се примени последната.

## ПОЧЕТОК И ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО
### Член 6

(1) Осигурувањето започнува во 24.00 часот во оној ден што е означен во полисата како почеток на осигурувањето, ако не е договорено поинаку, и престанува во 24.00 часот во оној ден што во полисата е договорен како ден на истекување на осигурувањето.
(2) Без оглед на договореното траење на осигурувањето, осигурувањето за одделни видови престанува:
   1. за осигурувањето на домаќинството и моторните возила:
      - во 24.00 часот во денот на промена на сопственоста на предметот на осигурувањето (освен во случаите кога новиот сопственик е член на семејството);
      - на денот на уништување на предметот на осигурување;
      - на денот на целосно уништување на предметот на осигурување од настани што не се опфатени со осигурувањето;
   2. за осигурувањето на лицата, за секој одделен осигуреник:
      - кога ќе настапи смрт од незгода на осигуреникот или ќе му биде утврден инвалидитет од 100%;
      - кога осигуреникот ќе стане деловно неспособен во смисла на членот 70, став 3 од овие Услови.
(3) Во случај на раскинување на договорот за осигурување, осигурувањето престанува во 24.00 часот во денот кога осигурувачот го примил писменото барање од договарачот за раскинување на договорот.

## ПРЕСМЕТКА НА ПРЕМИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
### Член 7

(1) Премијата за комбинирано осигурување на семејството е вкупен износ на сите премии за одделните видови осигурување што се опфатени со полисата, намалена за попустот во согласност со тарифата на премии. Во полисата се наведени посебно премиите за секој вид осигурување.
(2) При обнова на осигурувањето, се пресметува бонус (намалување) или малус (зголемување) на премијата за секој вид осигурување одделно, во зависност од видот и од висината на исплатениот надомест по полисата во претходната осигурителна година.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И ВРАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА
### Член 8

(1) Договарачот има право во текот на траењето на осигурувањето по полисата да побара раскинување на договорот за преостанатото време од траењето на полисата во целост или делумно, само за одделен вид осигурување, од

причини и во согласност со одредбите за раскинување на двостраните договори од Законот за облигациони односи, како и во овие Услови.

(2) Договарачот поднесува писмено барање за раскинување на договорот и барање за повраќање на дел од премијата за осигурување соодветен за преостанатото времетраење на полисата, само ако не пријавил или реализирал пријава за штета по полисата.

(3) Договарачот има право на враќање на дел од премијата за осигурување (само за предметниот вид осигурување) при престанување на осигурувањето од причините наведени во членот 6, став 2, точка 1 алинеја прва и трета, точка 2 алинеја втора, како и во случај на враќање на регистарските таблички, само ако преостануваат повеќе од 30 дена до денот на истекување на полисата.

## ИСКЛУЧЕНИ РИЗИЦИ ОД ОСИГУРУВАЊЕТО
### Член 9

(1) Исклучени се сите обврски на осигурувачот ако осигурениот случај настанал поради:
1. земјотрес;
2. 
   а). војна, инвазија, дејства на странски непријатели, непријателски или воени операции (без оглед дали војната е објавена или не), граѓанска војна, бунт, револуција, востание, граѓански немири;
   б). кое било дејство на тероризам.
   Во смисла на горенаведеното, дејството на тероризам значи дејство што вклучува, но не е ограничено на употреба на сила или насилство и/или закана со нив од страна на кое било лице или група лица, без оглед дали дејствуваат самостојно или во име на или во врска со која било организација и/или влада обврзани за политички, религиозни, идеолошки или етнички цели или причини, вклучувајќи и намера да се влијае врз која било влада и/или да се исплаши јавноста или дел од неа, без оглед дали несреќниот случај бил:
   - директно или индиректно предизвикан од кое било од горенаведените дејства;
   - резултат на кое било од горенаведените дејства;
   - во врска со кое било од горенаведените дејства;
   - и без разлика на редоследот на настаните или на евентуална истовременост.
   
   Ако осигурувачот смета дека поради исклучоците наведени во точката 2, отштетното барање не е покриено со ова осигурување, товарот за докажување на спротивното го сносува осигуреникот;
3. поради биолошка или хемиска контаминација и поради директно или индиректно дејство на радијација или на нуклеарна енергија;
4. поради тоа што договарачот на осигурувањето, осигуреникот, соосигуреникот или корисникот намерно го предизвикал осигурениот случај, а ако се повеќе корисници, исклучен е само оној корисник што намерно го предизвикал несреќниот случај;
5. при договарање, обид или извршување на смислено кривично дело, како и при бегањето по таквото дејство и поради учество во тепачка.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВАРАЧОТ

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА ОКОЛНОСТИТЕ ЗНАЧАЈНИ ЗА ОЦЕНА НА РИЗИКОТ
### Член 10

(1) Договарачот е должен да му ги пријави на осигурувачот сите околности што се од значење за оцена на ризикот, кои му се познати или не можеле да му останат непознати. Важни се оние околности за кои осигурувачот поставил писмено прашање во понудата за осигурување.

## НАМЕРНА НЕТОЧНА ПРИЈАВА ИЛИ ПРЕМОЛЧУВАЊЕ
### Член 11

(1) Ако договарачот намерно поднел неточна пријава или намерно премолчил некоја околност од таква природа, поради која осигурувачот не би склучил договор ако знаел за вистинската состојба на работите, осигурувачот ќе побара поништување на договорот, односно нема обврска да го исплати надоместот, односно осигурената сума.

(2) Во случај на поништување на договорот од причините наведени во претходниот став, осигурувачот ги задржува наплатените премии и има право да бара исплата на премијата за периодот на осигурување во кој побарал поништување на договорот.

(3) Правото на осигурувачот да бара поништување на договорот за осигурување престанува ако тој во рок од 3 месеци од денот на дознавањето за неточноста на пријавата или за премолчувањето не му изјави на договарачот дека има намера да го користи тоа право.

## НЕНАМЕРНА НЕТОЧНОСТ ИЛИ НЕЦЕЛОСНОСТ НА ПРИЈАВАТА
### Член 12

(1) Ако договарачот поднел неточна пријава или пропуштил да го даде должното известување, а тоа не го сторил намерно, осигурувачот може по свој избор, во рок од еден месец од дознавањето за неточноста или нецелосноста на пријавата, да изјави дека го раскинува договорот или да предложи зголемување на премијата сразмерно со поголемиот ризик.

(2) Договорот во тој случај престанува по истекувањето на 14 дена од денот кога осигурувачот му ја соопштил на договарачот на осигурувањето својата изјава за раскинување на договорот, а во случај на предлог од осигурувачот премијата да се зголеми, раскинувањето настапува според самиот закон ако договарачот на осигурувањето не го прифати предлогот во рок од 14 дена од денот кога го примил.

(3) Во случај на раскинување на договорот во смисла на ставовите 1 и 2 од овој член, осигурувачот е должен да ја врати премијата што соодветствува на времето од раскинување до крајот на периодот на осигурувањето.

(4) Ако осигурениот случај настанал пред да се утврди неточноста или нецелосноста на пријавата или потоа, но пред раскинувањето на договорот, односно пред постигнувањето спогодба за зголемување на премијата, надоместот, односно осигурената сума се намалува во сразмер помеѓу стапката на платените премии и стапката на премиите што би требало да се платат според вистинскиот ризик.

## СЛУЧАИ ВО КОИ ОСИГУРУВАЧОТ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ПОВИКУВА НА НЕТОЧНОСТА, ОДНОСНО НЕЦЕЛОСНОСТА НА ПРИЈАВАТА
### Член 13

(1) Осигурувачот кому во моментот на склучувањето на договорот му биле познати или не можеле да му останат непознати околностите што се од значење за оцена на ризикот, а кои договарачот на осигурувањето неточно ги пријавил или ги премолчил, не може да се повикува на неточноста на пријавата или на премолчувањето.

(2) Истото важи во случај кога осигурувачот дознал за тие околности за време на траењето на осигурувањето, а не ги користел законските овластувања.

## ПРОМЕНА НА ОКОЛНОСТИТЕ ВО ТЕКОТ НА ТРАЕЊЕТО НА ОСИГУРУВАЊЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НАРИЗИКОТ
### Член 14

(1) Договарачот на осигурувањето е должен, кога е во прашање осигурување на имот, да го извести осигурувачот за секоја промена на околностите што може да биде од значење за оцена на ризикот.

(2) Тој е должен без одложување да го извести осигурувачот за зголемувањето на ризикот ако ризикот е зголемен со некоја негова постапка, а ако зголемувањето на ризикот се случило без негово учество, тој е должен да го извести во рок од 14 дена од кога дознал за тоа.

(3) Ако зголемувањето на ризикот е толкаво што осигурувачот не би склучил договор ако постоела таква состојба во моментот на неговото заклучување, тој може да го раскине договорот.

(4) Ако зголемувањето на ризикот е толкаво што осигурувачот би склучил договор, само со поголема премија, да постоела таква состојба во моментот на склучувањето на договорот, тој може на договарачот на осигурувањето да му предложи нова стапка на премијата.

(5) Ако договарачот на осигурувањето не се согласи со новата стапка на премијата во рок од 14 дена од приемот на предлогот на новата стапка, договорот престанува според самиот закон.

(6) Договорот останува во сила и осигурувачот веќе не може да ги користи овластувањата да му предложи на договарачот на осигурувањето нова стапка на премијата или да го раскине договорот ако не ги искористи тие овластувања во рок од еден месец од кога на кој и да е начин дознал за зголемувањето на ризикот, или ако уште пред истекувањето на тој рок покаже на некој начин дека се согласува со продолжување на договорот (ако ја прими премијата, исплати надомест за осигурен случај што настанал по тоа зголемување и слично).

## АКО ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ НАСТАНЕ ВО МЕЃУВРЕМЕ
### Член 15

(1) Ако осигурениот случај настане пред да биде известен осигурувачот за зголемувањето на ризикот или откако е известен за зголемувањето на ризикот, но пред да го раскине договорот или да постигне спогодба со договарачот на осигурувањето за зголемување на премијата, надоместокот се намалува во сразмер меѓу платените премии и премиите што би требало да се платат според зголемениот ризик.

## НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИКОТ
**Член 16**

(1) Во случај кога по склучување на договорот за осигурување настанало намалување на ризикот, договарачот на осигурувањето има право да бара соодветно намалување на премијата, од денот кога за намалувањето го известил осигурувачот.
Ако осигурувачот не се согласи со намалувањето на премијата, договарачот на осигурувањето може да го раскине договорот.

## ПРОМЕНА НА АДРЕСА
**Член 17**

(1) Договарачот на осигурувањето е должен да го извести осигурувачот за промената на адресата, односно за промената на називот и на седиштето на фирмата за правните лица, во рок од 14 дена од денот на настанувањето на промената.
(2) Ако договарачот на осигурувањето не го извести осигурувачот за промените од претходниот став, за полноважност на известувањето доволно е осигурувачот да му испрати на осигуреникот препорачано писмо според последните податоци за адресата на станот, деловните простории, односно називот – фирмата, со кои располага.
Известувањето станува полноважно во денот во кој во нормални околности би вредело ако не дошло до промена од претходниот став.

## ПЛАЌАЊЕ ПРЕМИЈА И ПОСЛЕДИЦИ ПОРАДИ НЕПЛАЌАЊЕ ПРЕМИЈА
**Член 18**

(1) Договарачот е должен да ја плати премијата однапред, ако не е договорено поинаку. Ако е договорено премијата да се плати во полугодишни, во тримесечни или во месечни рати, осигурувачот има право на премијата за целото време на траење на осигурувањето. Осигурувачот има право сите ненаплатени премиски рати од тековната година на осигурување да ги наплати при која и да е исплата од основата на соодветното осигурување.
(2) Премијата му се плаќа на осигурувачот или на неговиот претставник или се доставува преку пошта или банка. Ако премијата се испраќа преку пошта, се смета дека е платена во 24.00 часот во оној ден во кој е уплатена во пошта, а ако се плаќа преку банка, се смета дека е уплатена во 24.00 часот во оној ден во кој е предаден налогот на банката. За секој ден на пречекорување на рокот осигурувачот може да пресмета затезна камата во висина определена со законски прописи.
(3) Ако договарачот на осигурувањето не ја плати стасаната премија до договорениот рок, ниту тоа го направи некое друго заинтересирано лице, договорот за осигурувањето ќе престане по истекувањето на 30 дена од денот кога на договарачот на осигурувањето му е врачено препорачано писмо од осигурувачот со известување за стасаноста на премијата, со тоа што тој рок не може да истече пред да изминат 30 дена од денот на стасаноста на премијата. Во секој случај, договорот за осигурување престанува ако премијата не биде платена во рок од една година од стасаноста.
(4) Во секој случај, договорот за осигурување престанува, според самиот закон, ако премијата не биде платена во рок од една година од стасаноста.

## ОБВРСКА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ И ПРИЈАВА НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ
**Член 19**

(1) Кога ќе настане осигурен случај, договарачот е должен да го извести осигурувачот дека настанал осигурен случај најдоцна во рок од три дена од денот кога дознал за тоа, односно кај осигурувањето на лица во рок од три дена кога е тоа можно според неговата здравствена состојба, и да постапи на следниот начин:
1. ако известувањето е направена усно, преку телефон, телеграф, електронска пошта или на друг посреден начин, договарачот е должен најдоцна во рок од 3 дена писмено да ја потврди пријавата со поднесување пријава на образец на осигурувачот;
2. веднаш да преземе сѐ што е во негова можност за да ги ограничи и да ги намали штетните последици на осигурениот случај и притоа да се придржува кон упатствата што му ги дал осигурувачот или неговиот претставник;
3. со пријавата да му ги достави на осигурувачот сите потребни податоци и докази, особено за местото и за времето на настанување на осигурениот случај, потполн опис за настанот и сите околности, попис на уништените, односно оштетените предмети со приближно назначување на нивната вредност, како и да дозволи осигурувачот да ги изврши сите испитувања што се потребни за утврдување на причината, обемот и висината на штетата. За таа цел, мора да обезбеди пристап до имотот и до локацијата каде што се случил штетниот настан, односно да ги направи достапни за увид на осигурувачот;

4. во сите случаи кога е предвидено со прописи, а особено кога штетата е предизвикана од пожар, експлозија, кражба, провална кражба, разбојништво и од сообраќајна незгода, да пријави до надлежниот орган за внатрешни работи и да наведе кои предмети се уништени, односно оштетени или исчезнати при настанувањето на осигурениот случај, односно кои лица се повредени во осигурениот случај;
5. до увидот на оштетувањата од страна на претставникот на осигурувачот да не ја менува положбата на оштетените, односно уништените предмети, како и да не врши какви било поправки на оштетувањата, освен ако промената не е нужна во јавен интерес или заради намалување, односно спречување на зголемување на штетата.

(2) Ако договарачот не ја изврши својата обврска од ставот 1 на овој член во определеното време, должен е да му ја надомести на осигурувачот штетата што овој би ја имал поради тоа.

## СПРЕЧУВАЊЕ НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ И СПАСУВАЊЕ
### Член 20

(1) Осигуреникот е должен да ги преземе пропишаните, договорените и сите други мерки потребни за да се спречи настапувањето на осигурениот случај, а ако настане осигурениот случај, должен е да преземе сѐ што е во негова моќ да се ограничат неговите штетни последици.
(2) Осигурувачот е должен да ги надомести трошоците, загубите, како и другите штети причинети со разумен обид да се отстрани непосредната опасност од настанувањето на осигурениот случај, како и со обид да се ограничат неговите штетни последици, па и тогаш ако тие обиди останале без успех.
(3) Осигурувачот е должен да го даде овој надомест дури и ако тој заедно со надоместот на штетата од осигурениот случај ја надминува сумата на осигурувањето.
(4) Ако осигуреникот не ја исполни својата обврска за спречување на осигурениот случај или обврската за спасување, а за тоа нема оправдување, обврската на осигурувачот се намалува за онолку за колку што е поголема штетата што настанала поради тоа неисполнување.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

## УТВРДУВАЊЕ И ПРОЦЕНА НА ШТЕТАТА
### Член 21

(1) Висината на надоместот се утврдува во согласност со одредбите содржани во одделите 2, 3 или 4, во зависност од тоа за кој вид осигурување се однесува, но во секој случај висината на надоместот на штетата не може да ги надмине поединечно ниту висината на реално претрпената штета, ниту вредноста на осигурениот предмет, ниту износот на осигурената сума.
(2) Ако во текот на осигурителната година, односно осигурениот период со полисата, настанат повеќе осигурени случаи еден по друг, надоместот од осигурувањето за секој од нив се определува и се исплатува во целост со оглед на целата сума на осигурувањето, без нејзино намалување за износот на порано исплатените надомести во тој период, а во согласност со одредбите во одделите 2, 3 или 4.
(3) Кога ќе ја прими пријавата за настанат осигурен случај, осигурувачот е должен веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена, да пристапи кон утврдување и процена на штетата, а ако не го направи тоа, осигуреникот може да почне со отстранување на штетата под услов претходно да обезбеди докази за настанување на осигурениот случај и за обемот на оштетувањата.
(4) Штетата ја утврдува и ја проценува осигурувачот, односно негови овластени претставници.

## ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТ ИЛИ ОСИГУРЕНА СУМА
### Член 22

(1) Кога ќе настане осигурен случај, осигурувачот е должен да го исплати надоместот или сумата определена со договорот во договорениот рок, кој не може да биде подолг од 14 дена, сметајќи од денот кога осигурувачот добил известување дека настанал осигурениот случај.
(2) Ако исплатата на надоместокот се врши преку пошта или банка, се смета дека е извршена во 24 часот оној ден кога во пошта или во банка е потврдена уплатата.
(3) Ако за утврдување на постоењето на обврската на осигурувачот и на нејзиниот износ е потребно извесно време, овој рок почнува да тече од денот кога се утврдени постоењето на неговата обврска и нејзиниот износ.
(4) Ако износот на обврската на осигурувачот не биде утврден во рокот определен во ставот 1 на овој член, осигурувачот е должен на барање од овластеното лице да го исплати износот на неспорниот дел од својата обврска на име аванс.

## ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА НА ОСИГУРУВАЧОТ ВО СЛУЧАЈ НА НАМЕРА И ИЗМАМА

### Член 23

Ако договарачот на осигурувањето, осигуреникот или корисникот предизвикал осигурен случај намерно или со измама, осигурувачот не е обврзан на никакви давања, а спротивната договорна одредба нема правно дејство.

## ПРИГОВОРИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 24

(1) Против барањето на доносителот на полисата, како и барањето на некое друго лице што се повикува на неа, осигурувачот може да ги истакне сите приговори што ги има во врска со договорот кон лицето со кое го склучил договорот за осигурување.

(2) По исклучок, против барањето на трето лице во случај на доброволно осигурување од одговорност и барањето на носителите на определени права над осигурениот предмет чие право преминало според самиот закон од уништениот или оштетениот осигурен предмет врз надоместот од осигурувањето, осигурувачот може да ги истакне само приговорите што настанале пред да настане осигурениот случај.

## НАДОСИГУРУВАЊЕ

### Член 25

(1) Ако при склучување на договорот една страна се послужила со измама и така договорила сума на осигурувањето поголема од вистинската вредност на осигурениот предмет, другата страна може да бара поништување на договорот.

(2) Ако договорената сума на осигурувањето е поголема од вредноста на осигурениот предмет, а притоа ниедна странка не постапила несовесно, договорот останува на сила, сумата на осигурувањето се намалува до износот на вистинската вредност на осигурениот предмет, а премиите се намалуваат сразмерно.

(3) Во двата случаја совесниот осигурувач ги задржува примените премии и има право на ненамалена премија за тековниот период.

## ПОВЕЌЕКРАТНО И ДВОЈНО ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 26

(1) Ако некој предмет е осигурен кај двајца или повеќе осигурувачи од ист ризик, за ист интерес и за исто време, така што збирот на сумите на осигурувањето не ја надминува вредноста на тој предмет (повеќекратно осигурување), секој осигурувач одговара за извршување во целост на обврските настанати од договорот што го склучил тој.

(2) Ако, пак, збирот на сумите на осигурувањето ја преминува вредноста на осигурениот предмет (двојно осигурување), а притоа договарачот на осигурувањето не постапил несовесно, сите тие осигурувања се полноважни и секој осигурувач има право на договорената премија за периодот на осигурувањето во тек, а осигуреникот има право да бара од секој одделен осигурувач надомест според договорот склучен со него, но вкупно не повеќе од износот на штетата.

(3) Кога ќе стане осигурениот случај, договарачот на осигурувањето е должен да го извести за тоа секој осигурувач на истиот ризик и да му ги соопшти имињата и адресите на другите осигурувачи, како и сумите на осигурувањето на одделните договори склучени со нив.

(4) При исплатата на надоместот на осигуреникот, секој осигурувач поднесува дел од надоместот во сразмер во кој стои сумата на осигурувањето на која се обврзал тој, според вкупниот збир на сумите на осигурувањето, па осигурувачот што платил повеќе има право да бара од другите осигурувачи надомест на повеќе платеното.

(5) Ако некој договор е склучен без назначување на сумата на осигурувањето или со неограничено покритие, ќе се смета како договор склучен со највисока сума на осигурување.

(6) За делот на осигурувачот што не може да плати одговараат другите осигурувачи сразмерно со своите делови.

(7) Ако договарачот на осигурувањето склучил договор за осигурување со кој настанало двојно осигурување не знаејќи за порано склученото осигурување, тој може, без оглед на тоа дали поранешното осигурување го склучил тој или некој друг, во рок од еден месец откако дознал за тоа осигурување, да бара соодветно намалување на сумата на осигурувањето и на премиите на подоцнежното осигурување, но осигурувачот ги задржува примените премии и има право на премија за тековниот период.

(8) Ако до двојното осигурување дошло поради намалување на вредноста на осигурениот предмет за времетраењето на осигурувањето, договарачот на осигурувањето има право на соодветни намалувања на сумите на осигурувањето и на премиите, почнувајќи од денот кога своето барање за намалување му го соопштил на осигурувачот.

(9) Ако при настанувањето на двојно осигурување договарачот на осигурувањето постапил несовесно, секој осигурувач може да бара поништување на договорот, да ги задржи применените премии и да бара намалена премија за тековниот период.

## ПОДОСИГУРУВАЊЕ
### Член 27

(1) Кога ќе се утврди дека на почетокот на односниот период на осигурувањето вредноста на осигурениот предмет била поголема од сумата на осигурувањето, износот на надоместокот што го должи осигурувачот се намалува сразмерно, освен ако не е договорено поинаку.
(2) Осигурувачот е должен да даде целосен надомест сè до износот на сумата на осигурувањето, ако е договорено дека односот меѓу вредноста на предметот и сумата на осигурувањето нема значење за определување на износот на надоместот.

## ПРАВО ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРИГОВОР ИЛИ БАРАЊЕ ЗА АРБИТРАЖА
### Член 28

(1) Во случај осигурувачот и осигуреникот или корисникот на осигурувањето да не се согласат во поглед на видот и обемот на последиците од осигурениот случај, или во поглед на тоа дали и во кој обем последиците се во причинска врска со осигурениот случај, или во однос на квалификацијата на настанот како неосигурен случај, осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето може да поднесе приговор до осигурувачот или да поднесе барање за спроведување на ад хок арбитража.
(2) Осигуреникот или корисникот на осигурувањето може да поднесе тужба до надлежниот суд само доколку претходно поднел барање за спроведување на ад хок арбитража.

## ПОСТАПКА ПО ПРИГОВОРИ
### Член 29

(1) Осигуреникот или корисникот поднесува приговор до осигурувачот во писмена форма.
(2) Осигурувачот е должен да го реши приговорот и писмено да го извести подносителот во рок од 30 дена од приемот на приговорот. Корисникот што не е задоволен од решението по приговорот има право да поднесе барање за арбитража.

## ПОСТАПКА ЗА АД ХОК АРБИТРАЖА
### Член 30

(1) Осигуреникот или корисникот што не е задоволен од решавањето на неговото барање или од решението по приговорот поднесува писмено барање за спроведување на ад хок арбитража, на образец на осигурувачот.
(2) Во постапката за арбитража утврдувањето на спорните факти им се доверува на двајца вештаци, од кои едниот го именува осигурувачот, а другиот осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето. Осигуреникот, односно корисникот го именува својот вештак во барањето за спроведување на арбитража. Вештаците мора да бидат со стручна квалификација соодветна на предметот на вештачење и со работно искуство од најмалку 5 години во струката. Пред вештачењето овие двајца вештаци избираат трет вештак, кој ќе даде свое стручно мислење, и тоа само во врска со прашањата што ќе останат спорни меѓу нив и во границите на нивните процени. Постапката за арбитража треба да заврши со конечен наод и мислење најдоцна во рок од 60 дена од поднесување на барањето за спроведување на арбитражата.
(3) Конечниот наод и мислење на вештаците ги обврзуваат договорните страни, и може да се побиваат само за претсметковни грешки.
(4) Секоја страна ги плаќа трошоците на вештакот што го именува, а на третиот вештак ги плаќаат двете страни по половина.

## ЗАСТАРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА
### Член 31

(1) Побарувањата на договарачот на осигурувањето, односно на трето лице од договорот за осигурување, застаруваат за 3 години, сметајќи од првиот ден по истекувањето на календарската година во која настанало побарувањето.
(2) Ако заинтересираното лице докаже дека до денот определен во претходниот став не знаело дека настанал осигурениот случај, застарувањето почнува од денот кога дознало за тоа, со тоа што во секој случај побарувањето застарува за 5 години од денот определен во претходниот став.
(3) Побарувањата на осигурувачот од договорот за осигурување застаруваат за три години.

## ОБВРСКА ЗА ЧУВАЊЕ НА ДОВЕРЛИВИ ПОДАТОЦИ

**Член 32**

(1) Осигурувачот има обврска да ги чува податоците од договорот за осигурување како доверливи податоци, во согласност со Законот за супервизија на осигурувањето и Статутот на осигурувачот.
(2) Обврската на осигурувачот за чување на податоците за осигурениците не се применува само во случаите наведени во Законот за супервизија на осигурувањето.
(3) Осигурувачот е должен да дава податоци на барање на осигуреникот (договарачот, корисникот) за неговите сопствени податоци што се чуваат во регистрите на осигурувачот, како и да коригира податоци во регистрациите иницирани од нив.

## ПРАВО НА ЖАЛБА

**Член 33**

Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето може да достават жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето, како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

## ВАЖНОСТ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОДРЕДБИ

**Член 34**

Доколку содржината на посебните оддели е во спротивност со содржината на заедничките одредби, важат одредбите на посебниот оддел за соодветниот вид осигурување.

# ОДДЕЛ 2

# ОСИГУРУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВА

## ВОВЕДНА ОДРЕДБА

**Член 35**

Со одредбите на овој оддел, осигурување на домаќинствата, се регулираат односите меѓу договарачот на осигурувањето, осигуреникот и осигурувачот што произлегуваат од договореното осигурување на домаќинството на договарачот, односно на осигуреникот.

## ДЕФИНИЦИИ

**Член 36**

(1). Одделни изрази во одделот 2, осигурување на домаќинството, значат:

**Станбен објект** - индивидуална станбена куќа или стан, сопственост на осигуреникот, вклучувајќи ги и градежните објекти што се припоени до куќата или станот.

**Други градежни објекти** - градежни објекти што се физички одвоени од осигурениот станбен објект и не служат за живеење, а се во сопственост на осигуреникот.

**Ненаселен станбен објект** - станбен објект што непрекинато е ненаселен подолго од 30 дена.

**Градежен објект од масивна градба** - градежен објект чии надворешни ѕидови се изградени од камен, печена тула, тешки бетонски блокови, костурот е од армиран бетон или челик обложен со огноотпорен материјал, а покривот е изведен со ќерамиди, етернит, салонит, лим, армиран бетон со термичка и со хидроизолација.

**Денарска противвредност на евро** - се пресметува според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот што е означен во полисата како почеток на осигурителната година, а за пресметување на надомест од штета, според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на настанување на штетата.

**Франшиза** - износ наведен во полисата што се одбива од секоја штета што произлегува од еден штетен настан во тој дел од полисата (учество во штета)

**Тотална штета** - штета на имот при која имотот е целосно уништен или пак неговата поправка изнесува повеќе од неговата вредност

**Штетен настан** (за осигурувањето од одговорност кон трети лица) значи ненадеен настан независен од волјата на осигуреникот, како и постојаното или повторено изложување на главно исти услови што за последица имаат смрт или телесна повреда или штета на имот.

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 37

Со осигурувањето на домаќинството е опфатено следното:

1. Станбен објект - објект што се наоѓа на местото на осигурување наведено во полисата, вклучувајќи ги и градежните објекти што се придружени кон него. Електричната, водоводната, вентилациската, канализациската и инсталацијата за централно греење на станбениот објект се негов составен дел.
   Со осигурувањето не се покриени станбените објекти што се користат во деловни цели, освен за канцеларии, приватни училишта и ординации, за што се плаќа доплаток на премијата.
   Со осигурувањето не е покриено земјиштето, па ниту тоа на кое е изграден станбениот објект.
   Со осигурувањето не се покриени објекти чиј покрив е направен од слама, трска, кал или дрво.
2. Други градежни објекти - објекти што се наоѓаат на местото на осигурување, физички раздвоени од станбениот објект, но само доколку се наведени во полисата и доколку се плати соодветна премија. Електричната, водоводната, канализациската и инсталацијата за централно греење на градежниот објект се нивен составен дел.
   Не се осигуруваат објекти чиј покрив е направен од слама, трска, кал или од дрво.
   Со осигурувањето не се покриени:
   - земјишта, па ниту тоа на кое е изграден станбениот објект;
   - градежни објекти што во целост или делумно се користат во деловни цели,
   - радежни објекти што се издадени на лица што не се потстанари на станбениот објект, освен ако не се користат како гаражи за автомобили.
3. Подвижен имот
   Со осигурувањето е покриен подвижниот имот на договарачот, како и на лицата што живеат во истото домаќинство со него на местото на осигурување, освен ако не е договорено поинаку.
   **Специјални ограничувања.** За одреден дел од имотот при настанувањето на штета, обврските на осигурувачот се лимитирани со специјалните ограничувања искажани подолу. Износите над овие специјални ограничувања не се осигурени со ова осигурување.
   Со овие ограничувања не се зголемува вкупната сума на осигурување на подвижниот имот. Специјалните ограничувања на секоја од подолу наведените категории се однесуваат на сиот осигурен имот во посед на осигуреникот по секоја од категориите.
   Со специјалните ограничувања обврските на осигурувачот изнесуваат:
   а). до 100 евра во денарска противвредност за готови пари, вредносни хартии, златници, сребреници, монети, златни или сребрени прачки;
   б). до 250 евра во денарска противвредност за накит, часовници, скапоцени и полускапоцени камења;
   в). до 250 евра во денарска противвредност за други скапоцености, вазни, сребрени предмети, крзна, посребрени и позлатени предмети, слонова коска и предмети од слонова коска;
   г). до 750 евра во денарска противвредност за уметнички слики и скулптури, ако не е договорено поинаку;
   д). до 500 евра во денарска противвредност за оружје со уредна дозвола;
   ѓ). до 1500 евра во денарска противвредност за пловила што се наоѓаат внатре во градежните објекти;
   е). до 500 евра во денарска противвредност по поединечен предмет од следната опрема: телевизор, аудио и видеоопрема, алармен уред, компјутер и компјутерска опрема, ако не е договорено поинаку;
   ж). до 100 евра во денарска противвредност за надворешни носачи на податоци за електронски апарати;
   з). до 500 евра во денарска противвредност за лаптоп, таблет и мобилен телефон, вклучувајќи ги и тие што се добиени со задолжување кај работодавецот, доколку не се договори поинаку;
   ѕ). до 500 евра во денарска противвредност за штети настанати надвор од местото на осигурување на лаптоп, таблет и мобилен телефон, доколку ги користел осигуреникот или лицата што живеат во исто домаќинство со него;
   и). до 750 евра во денарска противвредност за подвижен имот што се наоѓа во другите градежни објекти (објекти што се физички одвоени од станбениот објект);
   ј). до 500 евра во денарска противвредност за делот од обврските за кои осигуреникот има законска одговорност за штети настанати на заедничкиот имот, доколку осигурениот станбен објект се наоѓа во зграда со повеќе станбени објекти;
   к). до 1500 евра во денарска противвредност за трошоци за нужно сместување;
   л). до 5000 евра во денарска противвредност за штети настанати од ризикот провална кражба и разбојништво;
   љ).до 750 евра во денарска противвредност за подвижен имот во ненаселени станови и викендички од ризикот провална кражба.

3.2 Со оваа полиса не се осигурени:
- а). моторни возила и самоодни машини и сите нивни делови и имот чија основна намена е да се употребува во или со нив, освен колички за хендикепирани лица, за кои не е потребна регистрација;
- б). приколки и полуприколки;
- в). имот што се користи во деловни цели, освен ако не е договорено поинаку;
- г). необработени скапоцени и полускапоцени камења;
- д). сите видови животни;
- ѓ). имот на состанари или потстанари;
- е). имот што се издава надвор од местото на осигурување;
- ж). имот што посебно се наведува во полисата како неосигурен;
- з). штети на осигурениот имот настанати надвор од местото на осигурување наведено во полисата, освен ако не е договорено поинаку;
- ѕ). имот што не е сопственост на договарачот, а е земен под наем или на лизинг;
- и). штети настанати при извршување адаптации, реновирања, реконструкции, доградби или надградби на станбениот објект. Во таков случај, договарачот е должен да го извести осигурувачот во писмена форма пред започнувањето на изведбата на работите. Осигурувачот го задржува правото да го извести договарачот дали полисата важи во периодот на изведбата на работите.

4. Трошоци за нужно сместување

Доколку станбениот објект е оштетен од некој од осигурените ризици, така што во него не може да се живее, осигурувачот е должен:
- а). да ги надомести трошоците за изнајмување на наместен станбен објект со слична големина според цените во околината на местото на осигурување сѐ додека осигурениот објект не се оспособи за нормално живеење, но најмногу до сумата на осигурување искажана во полисата за ова покритие, или
- б). да ги надомести трошоците за преселбата на имотот доколку осигуреникот трајно се исели од местото на осигурување во друго место на територијата на Република Македонија, и тоа најмногу до сумата на осигурување искажана во полисата за ова покритие.

5. Дополнителни трошоци
- а). со ова осигурување се покриени трошоците за расчистување на оштетениот или уништениот осигурен имот што евентуално би ги имало при настанување на осигурен случај. Во овие трошоци припаѓаат и трошоците за пренесување на оштетениот или уништениот осигурен имот до најблиското место за нивно отпремување. Вкупниот износ на трошоците за расчистување е ограничен до 3% од понискиот од двата износа: сумата на осигурување или вредноста на осигурениот имот, за секој дел од оштетениот имот поединечно;
- б). со ова осигурување се покриени трошоците што евентуално би ги направиле при настанување на осигурен случај, а за преземени мерки за намалување или отстранување на штетата. Овие трошоци се надоместуваат дури и тогаш кога овие мерки не биле успешни. Вкупниот износ на овие трошоци е ограничен до 3% од понискиот од двата износа: сумата на осигурување или вредноста на осигурениот имот, за секој дел од оштетениот имот поединечно.
- в). вкупниот надомест за трошоците од точките 1 и 2 на ова покритие, заедно со пресметаната отштета, не може да го надмине понискиот од двата износа: сумата на осигурување или вредноста на осигурениот имот, за секој дел од оштетениот имот поединечно. За надоместот на трошоците од точките 1 и 2 важи клаузулата за подосигурување;
- г). со оваа полиса не се покриени евентуалните трошоци настанати заради интервенции на организации чија должност е да даваат помош бесплатно.

6. Посебно проширување на осигурувањето за стакло од кршење

Доколку посебно се договори и се плати дополнителна премија, со ова проширување на покритието се надоместуваат трошоците, во случај на штети од која било причина, освен од намерна штета од страна на осигуреникот или од друг член на неговото семејство или лице што живее во осигурениот станбен објект, за замена на прозорски стакла и на стакла на врати во станбениот објект.

Осигурувачот ќе ги надомести и трошоците за симнување и за повторно местење на предметите што пречат при поставување нови стакла (заштитни решетки, засолништа од сонце, монтирање на скелиња и др.). Ова проширување на покритието посебно се искажува во полисата.

## СО ОВИЕ УСЛОВИ СЕ ОСИГУРЕНИ СЛЕДНИТЕ РИЗИЦИ:

**Член 38**

**1. ПОЖАР**

За пожар во смисла на овие Услови се смета оган појавен надвор од определено огниште или оган што го напуштил ова место и е способен понатаму да се развива со сопствена сила.

Не се смета дека настапил пожар и осигурувачот нема обврска да плати надоместок ако осигурениот предмет е уништен или оштетен:

1. поради изложување на оган или на топлина заради обработка или за други цели (при пеглање, сушење, пржење, печење, загревање, чадење и слично) или поради паѓање или фрлање на предмет во огниште (печка, шпорет и сл.) или врз него;
2. со осмадување (подгорување и прегорување), опрлување или запалување од цигари, жар, светилка, печка и слично;
3. поради вриење, затоплување, варење, чадење и сл.

Осигурувањето не покрива штети на оџаци што настануваат во врска со вршењето на нивната функција.

**2. ГРОМ**

Со осигурување се покриени штети што громот ги предизвикал на осигурените предмети со дејство на силата или на топлината, како и штетите од удар на предмети соборени од громот.

**Со осигурувањето не се опфатени:**

1. штети на осигурените електрични апарати и електрични водови настанати поради дејство на електричната енергија од пренапон или загревање поради преоптоварување и атмосферски влијанија (статички оптоварувања, индукција поради атмосферско празнење и слични појави), и
2. штети предизвикани со пренесување на електрична енергија преку водови како последица на удар на гром, како и штети на заштитни осигурувачи од кој било вид, заштитни прекинувачи, одводници на пренапон, громобрани и слични уреди, настанати при вршење на нивната нормална функција.

**3. ЕКСПЛОЗИЈА**

Експлозија во смисла на овие Услови е ненадејно појавување сила заснована на стремежот на пареа или на гасови за проширување, со исклучок на експлозија од нуклеарна енергија.

Експлозија на садови под притисок (казани, цевки и слично) постои само тогаш кога ѕидовите на садот во толкава мера се искинати што се јавува моментално изедначување на внатрешниот и надворешниот притисок.

**Со осигурувањето не се опфатени штети:**

1. поради минирања извршени од осигуреникот или поради дозволени минирања извршени од трети лица;
2. настанати како последица од какво било експлозивно тело, направа или уред (бомба, мина, експлозив, муниција);
3. настанати поради издувување на експлозивни гасови од печки и од слични уреди;
4. поради експлозија од биолошки карактер;
5. поради пробивање на звучен ѕид; и
6. поради експлозија што настанува во садовите под притисок (котли, цевки и слично) поради дотраеност, истрошеност или прекумерна наслага на 'рѓа, бигор или талог на осигурените предмети, но се надоместува штетата на другите предмети во врска со настанатата експлозија.

**4. ЛУЊА**

Под луња во смисла на овие Услови се смета ветер со брзина поголема од 62 км на час (јачина од 8 степени по Бофоровата скала). Се смета дека дувал ветер со оваа брзина доколку во околината на местото на осигурување ветерот кршел гранки и стебла или оштетил доброодржувани објекти.

Во случај на сомневање, осигуреникот мора да ја докаже брзината на ветерот со извештај од Управата за хидрометеоролошки работи на Република Македонија.

Штети од луња се опфатени со ова осигурување само ако се предизвикани со механичко оштетување на осигурените предмети:

1. со непосредно дејство на луњата;
2. со директен удар од соборените или од носените предмети од луњата.

**Со осигурување од луња не се опфатени штети:**

1. на имотот што се наоѓа внатре во градежните објекти, а кои се настанати од дожд, снег, песок или од прав, освен ако директната силина на ветерот или на градот претходно не направила отвори на градежниот објект и потоа дождот, снегот, песокот или правта навлегле низ тие отвори;
2. на имотот што не се наоѓа во затворени градежни објекти;
3. до пропишаната тежина на снег нанесена со ветар како што е дефиниран ветерот во дефиницијата за луња од овој член;

4. на градежен објект што не бил изграден според вообичаениот начин на градење во тоа место или што слабо е одржуван или е дотраен.

**5. ГРАД**

Со осигурување се покриени штети од уништување, односно оштетување на осигурените предмети што ги предизвикал градот со својот удар. Опфатени се и штети од навлегување на град и на дожд низ отвори настанати од паѓање на град.

Со осигурување не се опфатени штети на малтерот на фасади што се недоволно/лошо одржувани или дотраени.

**6. МАНИФЕСТАЦИЈА И ДЕМОНСТРАЦИЈА**

Под манифестација и демонстрација во смисла на овие Услови се смета организирано или спонтано јавно покажување на нерасположение од група граѓани.

Се смета дека настапил осигурен случај манифестација или демонстрација ако осигурениот предмет е уништен на кој било начин при дејствување на манифестантите, односно демонстрантите (рушење, демолирање, разбивање, палење и др.).

**7. ЛЕТАЛА**

Со осигурувањето се покриени штети настанати при паѓање на воздушно летало или на делови од леталото врз осигурениот имот.

Осигурувањето ги покрива и штетите настанати од објекти испаднати од леталата.

**8. УДАР НА ВОЗИЛА**

Со осигурувањето се покриени штети настанати на осигурениот имот од удар на возила, освен од возила што се управувани од осигуреникот или од лица што живеат во исто домаќинство со него.

**9. ВАНДАЛИЗАМ**

Со осигурувањето се покриени штети настанати на осигурениот имот од страна на трети лица, со зла намера.

Во секој осигурен случај осигуреникот учествува со франшиза од 100 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија.

**10. ПРОВАЛНА КРАЖБА И РАЗБОЈНИШТВО**

За провална кражба во смисла на овие Услови се смета ако нејзиниот извршител:

1. провали во простории во кои се наоѓаат осигурените предмети (место на осигурувањето) со разбивање или со кршење врати и прозорци или со провалување на тавани, ѕидови и на подови;
2. го отвори местото на осигурување со лажен клуч или со некое друго средство што не е наменето за редовно отворање, а притоа не е оставена трага врз основа на која може со сигурност да се утврди провала во смисла на кривичноправен доказ;
3. провали во заклучено сместувалиште во кое се наоѓаат осигурените предмети, ако до сместувалиштето дошол на еден од начините што по одредбите од овој член се оквалификувани како провална кражба;
4. го отвори местото на осигурување или сместувалиштето со вистински клучеви или со нивни дупликати, доколку до клучевите дошол со едно од дејствата наведени во точките 1, 2, 3 и 5 од овој став, или со разбојништво, или со измама на малолетен член од домаќинството;
5. влезе во местото на осигурувањето преку отвор што не е за тоа определен согледувајќи пречки што оневозможуваат влегување.

Од ризикот провална кражба предметите се осигурени само додека се наоѓаат во затворени и заклучени простории, односно во заклучени сместувалишта наведени во полисата.

**Со оваа полиса не се осигурува:**

1. снемување или исчезнување на осигурениот имот;
2. извршување на провалната кражба или соучество во неа од страна на осигуреникот или од страна на лице што живее во исто домаќинство со осигуреникот;
3. извршување на провална кражба со влегување преку отворен прозорец или балконска врата што се наоѓаат на висина помала од 3 м сметано од земјата до долниот раб на прозорецот или балконот;
4. имот што се наоѓа надвор од затворените градежни објекти, освен од разбојништво.

Под разбојништво се смета одземање на осигурениот имот со примена на сила или со застрашување по животот или здравјето на осигуреникот, како и животот или здравјето на лице што живее во исто домаќинство со осигуреникот.

**11. ИЗЛЕВАЊЕ НА ВОДА ОД ИНСТАЛАЦИИ ВО СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ**

За излевање на вода во смисла на овие Услови се смета:

1. неочекувано излевање на вода од водоводни и од одводни (канализациски) инсталации, како и од уреди за греење со топла вода и за парно греење и од други уреди и апарати што се приклучени на водоводната мрежа поради оштетување (кршење, прскање или откажување на уредите за управување и сигурност) на тие уреди и апарати.

Под инсталација на соодветниот објект се смета сè до приклучокот на надворешната мрежа (пример: шахта, хидрофор, потстаница за топла вода);
2. неочекувано избивање на пареа од уредите за топла вода или за парно греење.
Осигуреникот е должен да се грижи за одржување на водоводната и на одводната (канализациска) мрежа на уредите за греење со топла вода и за парно греење, како и за нивната заштита од мраз.
Со овој ризик се покриени штети настанати од излевање на вода од олуци и од олучни цевки во износ до 150 евра во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ на денот на настанување на штетата.

**Со овој ризик не се покриени штети настанати:**

1. на инсталациите од кои водата се излеала;
2. од излевање на вода од отворени славини;
3. од габички поради влага;
4. од слегнување на земјиште како последица на излевање на вода од инсталациите во станбените објекти;
5. поради мраз, освен ако не се преземени мерки за заштита од мраз:
   5.1.1. затоплување на станбениот објект, или
   5.1.2. затворање на доводот на водата и нејзино испуштање од системот;
6. поради дотраеност, истрошеност и корозија;
7. настанати како последица на повреда на должноста на осигуреникот да се грижи за одржување на водоводната и на одводната (канализациска) мрежа на уредите за греење со топла вода и за парно греење, како и за нивната заштита од мраз;
8. од излевање на вода од надворешна инсталација (улична и слично);
9. од затнување на инсталациите.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ РИЗИЦИ

### Член 39

Доколку осигуреникот дополнително договори и плати дополнителна премија за секој ризик поединечно, со осигурувањето може да бидат покриени и следните ризици:

**1. ПОПЛАВА, ПОРОЈ И ВИСОКА ВОДА**

За поплава во смисла на овие Услови се смета стихијно и неочекувано поплавување на теренот од постојани води (реки и езера) поради тоа што водата се излеала од коритото или го провалила одбранбениот насип или браната, излевање на вода поради вонреден висок прилив и високи бранови со необична јачина и надоаѓање на вода од вештачки езера.

За поплава се смета и неочекуваното поплавување на терен поради нагло образување на големо количество водна маса што настанала како последица на провала на облак (пороен дожд).

Под порој се смета стихијно неочекувано поплавување на терен со водна маса што се образува на низбрдни терени поради силни атмосферски врнежи и се слева низ улици и низ патишта.

Со осигурувањето се покриени само штетите што се предизвикани за време на траењето на поплавата или непосредно по повлекувањето на водата.

**Со осигурувањето не се покриени штети настанати од:**

1. габички поради влага;
2. излевање на водата од олуци и од цевки за одвод на дождовница;
3. поплавување со вода надојдена од септички јами.

Под висока вода во смисла на овие Услови се смета:

1. исклучива појава на невообичаен пораст на водостој;
2. подземна вода како последица на висока вода.

Обврската на осигурувачот за штети од висока вода и од подземна вода започнува со порастот на високата вода над однапред утврдените месечни коти на водостојот или протект измерен според најблискиот поставен покажувач на водостојот. Нормален месечен водостој е оној највисок месечен водостој за последните 20 години што го покажува покажувачот на водостојот најблизок до осигурените предмети, со исклучок на особено високите водостои.

**2. СЛЕГНУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ**

За слегнување на земјиште во смисла на овие Услови се смета ненадејно вертикално движење на земјишната почва (улегнување) на која е изграден градежниот објект.

**Со осигурувањето не се покриени:**

1. трошоците за пополнување на слегнато земјиште;
2. штети настанати поради грешка во статичката пресметка;
3. штети настанати како последица на излевање на течности од инсталации и од цистерни;

4. штети настанати од слегнување на земјиштето поради дупки направени од човек;
5. штети настанати од земјотрес;
6. штети настанати од поплава, порој и од висока вода.

**3. СНЕЖНА ЛАВИНА**

Под снежна лавина во смисла на овие Услови се смета снежна маса во движење што се откинала од планинските страни.

Со осигурувањето се опфатени и штети предизвикани од дејство на воздушниот притисок од снежната лавина.

**4. ЗЕМЈОТРЕС**

Под земјотрес во смисла на овие Услови се подразбира природна вибрација на земјата предизвикана од геофизички процеси под површината на земјата што ја надминуваат магнитудата од 3,5 степени по Рихтеровата скала, измерени во најблиската станица до епицентарот на земјотресот.

Максималниот лимит за надомест на штети од ризикот земјотрес според овие Услови е 30 000 евра во кој било случај.

Сите штети предизвикани во период од 72 часа по земјотресот ќе бидат сметани за единствен штетен настан.

Пожар и експлозија како последица од земјотрес се покриени со овие Услови.

**Со осигурувањето не се опфатени:**

1. штети предизвикани од загадување поради испуштање или истечување на опасни материи и трошоците за расчистување;
2. штети предизвикани од подземни минирања;
3. трошоци за спасување и за расчистување;
4. репарирање на пукнатини што не ги нарушуваат стабилноста на зградата и нејзината структура;
5. згради што не се од масивна градежна категорија, вклучително и предметите во нив.

## ИСКЛУЧОЦИ ОД ОСИГУРУВАЊЕТО
### Член 40

Примена на топлина: загуба или штета на имотот настаната од кој било процес во кој е вклучена примена на топлина.

## ОДРЕДБИ ЗА ШТЕТИ НА ОСИГУРЕНИОТ ИМОТ

## ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИОТ ИМОТ
### Член 41

(1) За станбените објекти од масивна градежна категорија вредноста на осигурениот имот е еднаква со градежната цена на нов станбен објект од ист вид, големина и начин на градба според цените во местото каде што се наоѓа објектот.

(2) За сите други станбени и градежни објекти вредноста на осигурениот имот е еднаква со градежната цена на нов објект од ист вид, големина и начин на градба според цените во местото каде што се наоѓа објектот, намалена за износот на пресметаната амортизација, во согласност со Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки (Сл. весник на РМ бр. 64/2002, 98/2002 и 10/2008 година), со сите нејзини измени и дополнувања.

(3) За подвижниот имот вредноста на осигурениот имот е еднаква со цената на ист таков нов имот, намалена за износот на пресметаната амортизација, во согласност со Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки (Сл. весник на РМ бр. 64/2002, 98/2002 и 10/2008 година), со сите нејзини измени и дополнувања.
Доколку не може да се обезбеди доказ за пресметаната амортизација на имотот, односно осигуреникот нема доказ за староста на подвижниот имот, ќе се смета дека вредноста на осигурениот имот е најмногу до 50% од цената на ист таков нов имот.

## НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕТО
### Член 42

(1) При осигурен случај, осигурувачот го надоместува најмалиот од следните износи:
1. Кај станбени објекти од масивна категорија најмалиот износ од следните:
   а). износот потребен за поправка или за замена на оштетениот осигурен имот, доколку повторната изградба, поправка или замена на оштетениот имот осигуреникот ја започне во рок од 6 месеци сметано од денот на настанување на штетата и ја заврши во разумен рок. Во секој друг случај осигурувачот е должен да го

надомести износот за повторна изградба, поправка или замена на оштетениот имот намален за пресметаната амортизација, во согласност со Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки (Сл. весник на РМ бр. 64/2002, 98/2002 и 10/2008 година), со сите нејзини измени и дополнувања;

б). сумата на осигурување на оштетениот осигурен имот;

в). вредноста на осигурениот имот.

2. Кај сите други станбени и градежни објекти најмалиот износ од следните:
   а). вистинскиот износ потребен за поправка или за замена на оштетениот или уништен осигурен имот, намален за износот на пресметаната амортизација, во согласност со Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки (Сл. весник на РМ бр. 64/2002, 98/2002 и 10/2008 година), со сите нејзини измени и дополнувања;
   б). сумата на осигурување на оштетениот осигурен имот;
   в). вредноста на осигурениот имот.
3. Кај подвижниот имот најмалиот износ од следните:
   а). вистинскиот износ потребен за поправка или замена на оштетениот или уништен осигурен имот, намален за износот на пресметаната амортизација, во согласност со Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки (Сл. весник на РМ бр. 64/2002, 98/2002 и 10/2008 година), со сите нејзини измени и дополнувања;
   б). сумата на осигурување на оштетениот осигурен имот;
   в). вредноста на осигурениот имот.

## КЛАУЗУЛА ЗА ПОДОСИГУРУВАЊЕ

### Член 43

Доколку се утврди дека на почетокот на односниот период на осигурување вредноста на осигурениот предмет била поголема од сумата на осигурување, износот на надоместот што го должи осигурувачот се намалува сразмерно.

## ПОПУСТИ

### Член 44

(1) Доколку осигуреникот нема наплатено ниту една штета во текот на осигурителната година, добива попуст на премијата од 5%. Овој попуст може да се повтори и во наредните години, така што износот на попустот се зголемува по 5% за секоја година во која не е наплатена штета, но најмногу до 25%.

(2) Доколку осигуреникот наплати штета во текот на осигурителната година, во наредната осигурителна година го губи целиот попуст.

## ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ КОН ТРЕТИ ЛИЦА

### Член 45

(1) Осигурувачот има обврска да плати за отштетните барања на трети лица за штета за која, според законските прописи, одговара осигуреникот или некој од членовите на неговото семејство што живеат со него, и тоа за:
- смрт или телесна повреда на трети лица или
- штета на имотот на трети лица, како последица на штетен настан (види дефиниција во член 36) што ќе настане во или во врска со осигурените објекти на осигуреникот за времетраењето на осигурувањето.

Максималниот износ што се плаќа за секое отштетно барање или за повеќе отштетни барања како последица на штетниот настан е еднаков на 5 000 евра во денарска противвредност или на друга осигурена сума наведена во полисата.

Максималниот износ ги вклучува сите судски трошоци што осигурувачот ќе ги направи, сите судски трошоци што ги направил осигуреникот или член на неговото семејство по претходна писмена согласност од осигурувачот и сите судски трошоци на оштетениот што треба да ги надомести осигуреникот кога адвокатот на осигурувачот го застапува осигуреникот.

Со осигурувањето не е опфатен надомест за каква било парична казна, казниво дејство, како и за зголемени или мултиплицирани штети што се побаруваат од осигуреникот или член на неговото семејство.

(2) Со осигурувањето не се опфатени отштетни барања:
1. поднесени од осигуреникот или од член на семејството или во име на осигуреникот или на член на семејството, а за смрт или телесна повреда на осигуреникот или на член на семејството или за штета на имот што е

сопственост на осигуреникот или член на семејството, или е на чување или контрола (на пр. владение) од осигуреникот или член на семејството;
2. во врска со која било одговорност за смрт или телесна повреда на вработен кај осигуреникот, ако произлегува или е во врска со работниот однос со осигуреникот;
3. во врска со која било одговорност за плаќање на надомести што произлегуваат од правата од работен однос според прописите за здравствено осигурување, пензиско и инвалидско осигурување, социјална заштита, одговорност на работодавецот, како и друго соодветно законодвство;
4. во врска со извршување на дејност, освен од сопственоста на објектот или негов закуп;
5. за кои одговара осигуреникот според условите на некој друг договор (договорна одговорност), освен во случаите кога осигуреникот би бил одговорен и во отсуство на таков договор;
6. во врска со сопственост или користење на возило на машински погон (освен инвалидска количка или градинарски машини), моторни пловила или пловила што имаат должина поголема од три метри, авион или летало (освен макети или играчка летало-змеј);
7. во врска со сопственоста на земјиште или зграда, освен од осигурените објекти;
8. во врска со вибрациите што влијаат врз потпората на земја, објекти или друг имот;
9. во врска со загадување врз земјиштето или врз околината од кој било вид или за одговорноста за чистење на загадувањето од кој било вид;
10. што произлегуваат од занимање или од друга активност со која се заработуваат пари или приход, освен издавањето на домот;
11. како последица на измени, реновирање или градежни работи на локацијата каде што придружните трошоци надминуваат 30 000 евра;
12. како последица на намерно дејство;
13. како последица на незаконско или криминално дејство; или
14. ако произлегува од пренесување или ширење на заразна болест или вирус.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ

### Член 46

(1) При осигурен случај, покрај обврските содржани во Општите услови, осигуреникот е должен:
- да го извести осигурувачот и тогаш кога барањето за надомест за штета против него ќе биде истакнато преку суд, ќе биде ставен во притвор, како и тогаш кога ќе биде поведена постапка за обезбедување докази;
- да не признава никаква одговорност, понуда, ветување или исплата во врска со кој било настан без да добие согласност од осигурувачот;

Ако е поведена истрага, подигнат обвинителен акт или е донесена одлука во кривична постапка, должен е за тоа веднаш да го извести осигурувачот, па и тогаш кога веќе го пријавил настанувањето на осигурениот случај;

Не е овластен без претходна согласност од осигурувачот да се изјасни за барањето за надомест за штета, а особено да го признае целосно или делумно, како ниту да изврши исплата, освен ако според фактичката состојба не било можно да се одбие признанието, односно исплатата, а со тоа да не се направи очевидна неправда.

Ако оштетениот поднесе тужба за надомест за штета против осигуреникот или се обрати со отштетно барање директно до осигурувачот, осигуреникот е должен да ја достави сета документација што ја поседува во врска со штетниот настан. Судскиот спор го презема осигурувачот.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 47

(1) При настанување на осигурен случај, осигурувачот е:
- должен да ја испита одговорноста на осигуреникот за настанатата штета;
- должен да го води спорот во име на осигуреникот, ако оштетениот остварува право на надомест за штета во парнична постапка;
- должен во име на осигуреникот да дава изјави што ги смета за потребни при одбрана од неосновано или од претерано барање за надомест за штета;
- овластен да го препушти водењето на спорот на осигуреникот, а во таков случај тој е должен да се придржува до упатствата и до налозите на осигурувачот во поглед на водење на парницата;
- овластен да го преземеме водењето на процесот или да стапи на местото на осигуреникот или да учествува во својство на вмешувач;
- овластен да одбие да го води или да го препушти водењето на спорот ако оцени дека нема место за давање правна заштита со оглед на односот помеѓу висината на штетата и сумата на осигурување;

- ослободен од обврската за правна заштита во случај да ја исплатил сумата на осигурување како надомест за штета пред поведување на судскиот спор;
- овластен на име на надомест од осигуреникот во полза на оштетениот да ја положи сумата на осигурување, па во тој случај се ослободува од сите обврски и постапки во врска со осигурениот случај.

(2) Ако оштетеното лице своето барање или тужбата за надомест за штета го упати само кон осигурувачот, осигурувачот ќе го извести осигуреникот за тоа и ќе го повика да му ги даде сите потребни податоци. Доколку одлучи да му исплати надомест на оштетениот во целост или делумно, должен е за тоа да извести осигуреникот.

## НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕТО ОД ОДГОВОРНОСТ
### Член 48

(1) Осигурувачот ќе исплати надомест од осигурувањето врз основа на:
   1. дадено или одобрено признание;
   2. порамнување склучено или одобрено од осигурувачот;
   3. судска одлука.

(2) Во секој осигурен случај осигуреникот учествува со 100 евра (франшиза) во денарска противвредност, освен ако не е договорено поинаку.

(3) Осигурувачот учествува во депонирањето за обезбедување на надомест за штета за која осигуреникот би бил должен врз основа на законските прописи или судските одлуки, и тоа најмногу до износот на висината на неговата обврска за надомест за штета.

(4) Осигурувачот е должен да ги плати надоместот, каматите и трошоците што настанале притоа и тогаш кога ја надминуваат сумата на осигурување, ако се спротивставил на предлогот на осигуреникот да се спогоди по барањето за надомест за штета.

(5) Осигурувачот не е должен да ги плати надоместот, каматите и трошоците што настанале притоа ако осигуреникот се спротивставил на предлогот на осигурувачот да се спогоди по барањето за надомест за штета.

(6) Осигурувачот е должен да ги надомести сите трошоци на парничната постапка доколку го водел спорот или дал согласност за водење на спорот, па и тогаш кога барањето за надомест за штета не било основано.

(7) Осигурувачот ги сносува трошоците на бранителот во кривичната постапка поведена против осигуреникот поради настан што како последица би можел да има поставување на барање за надомест за штета по основа на одговорност покриена со осигурувањето, и тоа само ако е запознаен со изборот на бранителот и прифатил да ги сноси трошоците. Трошоците на кривичната постапка, како и трошоците на застапување на оштетениот, не се надоместуваат.

(8) Кога осигурувачот ќе ја изврши својата обврска со исплатата на сумата на осигурување, ослободен е од понатамошни давања на име на надомест и трошоци за истиот осигурен случај.

(9) Кога осигурувачот ќе ја изврши својата обврска со исплатата на годишниот агрегат (лимит) на сумата на осигурување, ослободен е од понатамошни давања на име на надомест и трошоци за сите осигурени случаи што се јавуваат за време на траењето на осигурувањето.

## ОДДЕЛ 3

## ОСИГУРУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

## ВОВЕДНА ОДРЕДБА
### Член 49

Со одредбите во овој оддел, осигурување на моторни возила, се регулираат односите помеѓу договарачот на осигурувањето и осигурувачот по договорените облици на:
- каско-осигурување на моторни возила и
- осигурување на багаж и на други предмети во моторните возила.

## ПРЕДМЕТ НА КАСКО-ОСИГУРУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА
### Член 50

(1) Предмет на осигурување се патнички и комбинирани моторни возила, мотоцикли и велосипеди со мотор, камп-приколки (во понатамошниот текст „моторни возила"), заедно со аудио и видеоапарати и прибор стандардно вградени од производителот.

(2) Ако се договори посебно (дополнителни видови осигурувања), предмет на осигурување може да бидат:
   - дополнителна опрема, прибор и резервни делови што не се стандардно испорачани од производителот;

- аудио и видеоапарати и радиостаница на возилото, кои не се вградени во возилото од страна на производителот.

(3) Со осигурување не се опфатени штетите што ќе настанат на делот на возилото за време додека тој просторно е одделен од него.

## ПОТПОЛНО КАСКО-ОСИГУРУВАЊЕ
### Член 51

(1). Со потполно каско-осигурување се надоместуваат штетите што се предизвикани од следните ризици:

1. сообраќајна незгода, како на пример: превртување, судир, удар, лизгање, урнување и слично;
2. паѓање на некого или удар од некој предмет;
3. пожар;
4. ненадејно надворешно термичко или хемиско дејство;
5. удар на гром;
6. експлозија, освен експлозија од нуклеарна енергија;
7. луња;

   Под луња се смета ветер со брзина од 17,2 м/сек, односно 62 км/час (јачина од 8 степени по Бофоровата скала) или повеќе;
8. град;
9. снежна лавина;

   Со осигурувањето се опфатени и штети предизвикани од дејство на воздушен притисок од снежни лавини;
10. паѓање на воздушни летала;
11. манифестации и демонстрации;
12. кражба и разбојништво;
    - во случаите од претходната алинеја на оваа точка се смета дека возилото е украдено ако не се пронајде во рок од 60 ден, сметано од денот на пријавата за нестанување на надлежниот орган за внатрешни работи;
    - кај патничките моторни возила и мотоцикли штетите настанати од ризикот кражба и разбојништво се надоместуваат само ако осигуреникот има платено соодветна доплатна премија;
    - штетите настанати поради кражба на делови од возило, прибор, резервни и други делови се опфатени со осигурување само ако деловите и приборот во моментот на извршувањето на кражбата биле прицврстени на возилото или ако се наоѓале во заклучено возило;
13. злонамерни постапки или обест на трети лица;
14. оштетување на тапацирот во осигуреното возило предизвикано при давање помош на лица што се повредени во сообраќајна несреќа или на некој друг начин;
15. намерно предизвикување штета на осигурениот предмет со цел да се спречи поголема штета на тој или друг предмет или на лица;
16. поплава, порој и високи води;
    - под поплава се смета стихијно, неочекувано поплавување на терен од постојани води (реки, езера, море и др.) поради тоа што водата се излеала од коритото или пробила одбранбен насип или брана, излевање вода поради вонредно висок прилив и бранови на море и на езера со необична силина и од надојдување на вода од вештачки езера;
    - под поплава се смета и неочекувано поплавување на теренот поради нагло формирање големи количества водна маса што настанала како последица на атмосферски паѓања;
    - под порој се смета стихијно неочекувано поплавување на терен со водна маса што се формира на удолници, поради силни атмосферски појави и се слева по улици и по патишта;
    - под висока вода се смета: исклучителна појава на невообичаен пораст на водостојот во неочекувано време и подземна вода како последица на високи води;
    - обврската на осигурувачот за штети од високи и од подземни води, како и од нивни последици, започнува со порастот на високите води над однапред утврдени месечни коти на водостој или протек, измерен според покажувачот на водостојот, на најблиското место на штетата;

    **Со осигурување не се опфатени:**
    - штети од поплави предизвикани со излевање од канализациска мрежа, освен ако до излевање не дошло поради поплави или порои;
    - штети на возила додека се наоѓаат на простор помеѓу поток, односно река и насип, односно во живо или суво корито на река или поток, освен ако не е договорено поинаку;

- штети што настанале со движење на возилото низ поплавено подрачје, речно корито или поток и кога на возачот му било познато дека се движи во пресрет на стихијно дејство на вода, освен ако не се работи за спасување лица и имоти.

**ДЕЛУМНО КАСКО-ОСИГУРУБАЊЕ**
**Член 51а**

(1) Со делумно каско-осигурување се надоместуваат штетите што се предизвикани од следниве ризици:
1. пожар, кражба, противправно одземање на возилото и разбојништво;
   - во случаите од претходната алинеја на оваа точка се смета дека возилото е украдено ако не е пронајдено во рок од 60 дена, сметано од денот на пријавата за исчезнување во надлежниот орган за внатрешни работи;
   - кај патнички моторни возила и мотоцикли штетите настанати од ризикот кражба и разбојништво се надоместуваат само ако осигуреникот има платено соодветна доплатна премија;
   - штетите настанати поради кражба на делови од возилото, прибор, резервни и други делови се опфатени со осигурување само ако деловите и приборот во моментот на извршување на кражбата биле прицврстени на возилото или ако се наоѓале во заклучено возило.

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ВИДОВИ ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 52**

(1) Ако посебно се договори, со осигурувањето од ризиците од членот 51 од овие Услови се опфатени и:
1. дополнителна опрема, прибор и резервни делови што се наведени во членот 50, став 2 од овие Услови, како и разни украсни делови и уреди наменети за возилото, кои се дополнително вградени, прицврстени, односно ставени во возилото;
2. аудио и видеоапарати и радиостаница што не се вградени од производителот на возила, конструктивно предвидени за употреба во возилото и надвор од него, со тоа што, ако нема траги на обивање на вратата од возилото, со осигурување не е покриен ризикот од членот 51, став 1, точка 12 од овие Услови.

(2) За составни делови на аудио и видеоапаратите и на радиостаницата се сметаат антената и звучниците.
(3) Осигурувањата од ставот 1 од овој член се склучуваат на договорена сума на осигурување.

**СООСИГУРЕНИ ЛИЦА**
**Член 53**

(1) Освен осигуреникот, кој не е правно лице, осигурени се и лицата на кои осигуреникот им го препуштил управувањето на осигуреното возило.
(2) Не се смета за осигурено лице лицето што без овластување од осигуреникот го користело, односно управувало осигуреното возило.
(3) Знаењето и однесувањето на соосигуреното лице се сметаат како знаење и однесување на осигуреникот.
(4) Правото на осигурувачот по основа на суброгација (регрес) не преминува кон лицето што го управувало возилото по овластување на осигуреникот.

**ТЕРИТОРИЈАЛНО ВАЖЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО**
**Член 54**

(1) Осигурувањето е во важност додека возилото се наоѓа на територијата на Република Македонија и во другите европски земји, доколку не се договори поинаку.
(2) Кај осигурувањето на патнички моторни возила и мотоцикли, осигурувањето од ризикот кражба е во важност доколку осигуреникот плати дополнителна премија.

**ДОГОВОРЕНО УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИКОТ ВО ШТЕТА (ФРАНШИЗА)**
**Член 55**

Договорот за каско-осигурување од ризикот кражба и разбојништво за патнички моторни возила се склучува со задолжителна франшиза, и тоа од:
а). 10% во секоја штета за патнички моторни возила чија вредност е од 20 001 евра до 30 000 евра (во денарска противвредност);
б). 20% во секоја штета за патнички моторни возила чија вредност е од 30 001 евра до 40 000 евра (во денарска противвредност);
в). 30% во секоја штета за патнички моторни возила чија вредност е над 40 001 евра (во денарска противвредност).

## ПРАВНА ПОЛОЖБА ПО НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

### Член 56

(1) По настанување на осигурен случај и исплата на надомест од осигурувањето, ако се однесува за оштетување на возило (делумна штета), возилото останува и понатаму осигурено на неговата реална вредност во смисла на овие Услови.

(2) Во случај на уништување на возилото (тотална штета), осигурувањето престанува.

(3) Осигурувањето престанува ако штетата е утврдена како тотална од економски причини (нерентабилна поправка на возилото).

(4) Одредбите од ставовите 1, 2 и 3 од овој член соодветно се применуваат и на другите осигурени предмети, освен кај оние за кои е договорено поинаку.

## ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 57

(1) Осигурувачот нема обврска да ги надомести штетите што не се предизвикани од ризиците од членот 51 од овие Услови, како ни штетите што настанале:

1. поради дефект за време на движење на возилото (таканаречени погонски штети), како на пример поради: грешка во материјалот, истрошеност на материјалот, лошо ракување, оштетување на федери и на амортизери, продупчување, пресекување или прснување на надворешна или внатрешна гума, оштетување на тркало поради возење со празни гуми, недоволно подмачкување, недостиг на вода во ладилникот, оштетување на електрична инсталација, оптоварување преку дозволена носивост и други погонски штети.
   Меѓутоа, осигурувачот има обврска да надомести штета од сообраќајна незгода, пожар и експлозија, која настанала непосредно како последица на погонска штета.
   Осигурувачот има обврска да ја надомести штетата предизвикана поради дефект кога возилото е во движење (погонска штета) при остварување на ризиците кражба или противправно одземање на возило со намера да се употреби за возење и за разбојништво;
2. поради смрзнување на течноста во ладилникот или блокот на моторот;
3. на моторот или на други склопови на возилото, како последица на губење масло или течност од ладилникот во текот на продолжувањето на возењето по оштетување на возилото;
4. со губење на погонски материјал поради остварен осигурен случај;
5. со губење на масло од моторот, диференцијалот и менувачот и течност за ладење;
6. од товарот што се превезува со возило, освен во случај на сообраќајна незгода;
7. од товар при натовар и истовар, ако не е платена посебна премија;
8. поради тоа што возилото е ставено во погон пред конечната поправка, освен ако не се работи за штета настаната по привремената поправка што треба да овозможи движење или влечење на возилото до работилницата што треба да изврши друга привремена или конечна поправка;
9. поради техничка неисправност на возилото, со исклучок ако техничката неисправност настанала ненадејно во текот на возењето и предизвикала остварување на ризик од членот 51 на овие Услови, оптоварување преку дозволената носивост, истрошеност на гуми преку пропишана граница, како и во други случаи во кои штетата настанала како исклучива последица на непридржување или повреда на одредбите за заштитни мерки;
10. за време на превезување со друго превозно средство;
11. посредно, со остварување на осигурениот случај, како загуба на заработувачка, денгуба, казна, трошоци за користење на изнајмено возило, плаќање по основа на одговорност, освен за чување на возило на најнужно потребно време на местото на незгодата или на друго најблиско погодно место, ако не се работи за место на престојувалиште, односно седиште на осигуреникот;
12. поради намалување на вредноста на возилото по поправка што е извршена во врска со остварениот осигурен случај;
13. поради остварување на ризикот од членот 51, став 1, точка 12, ако извршителот е брачен другар, сродник по крв во прва линија, брат или сестра, усвоител или усвоеник на договарачот на осигурување, односно осигуреникот, или лице што со договарачот на осигурување или осигуреникот живее во заедничко домаќинство, а не се работи за лице за чии постапки осигуреникот одговара по која било основа;
14. поради остварување на ризикот од членот 51, став 1, точка 12, додека возилото е оставено без надзор или отклучено, со или без клучеви;
15. додека возилото е мобилизирано или реквирирано од страна на воени или на цивилни органи во мирновременски услови.

(2) Доколку не се договори поинаку, осигурувачот нема обврска да ги надомести:
1. штетите причинети при учество на возилото во натпревари заради постигнување најголема или просечна брзина, рели-натпревари или возење за оцена, вклучувајќи го и службениот тренинг за тоа;
2. штетите што настанале надвор од територијата на Европа, ако не е договорено поинаку.

## ГУБЕЊЕ НА ПРАВАТА ОД ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 58**

(1) Осигуреникот нема обврска да ја надомести штетата што е настаната:
1. додека со возилото управува лице без соодветна дозвола за управување на тој вид возило, освен за време на обука за стекнување возачка дозвола, која се изведува во согласност со прописите;
   - ќе се смета дека возачот го управува возилото без возачка дозвола и кога со возилото управува додека му е изречена забрана за управување на тој вид возило од страна на властите;
2. додека со возилото управува лице под дејство на алкохол, дрога или на други наркотици. Во смисла на овие Услови, се смета дека:
   - возачот е под дејство на алкохол ако во крвта има повеќе од 10,855 милимола алкохол во 1 литар крв (повеќе од 0,5‰ алкохол), или без оглед на количеството на алкохол во организмот ако со стручен преглед се утврди дека покажува знаци на алкохолна нарушеност;
   - ако алкохолниот тест е позитивен, а не се погрижи со анализа точно да се утврди степенот на неговата алкохолизираност, освен во случај кога земањето крв е штетно за неговото здравје (на пр. хемофилија);
   - ако по сообраќајната незгода избега или одбие да се подведе на испитување на неговата алкохолизираност или консумира алкохол и го оневозможи утврдувањето на количината на алкохол во крвта;
   - возачот е под дејство на дрога или на други наркотици ако со стручен преглед се утврди дека покажува знаци на нарушување поради употреба на дрога или на други наркотици, како и ако по сообраќајната незгода избега или одбие да се подведе на испитување на неговата дрогираност.

## УТВРДУВАЊЕ (ПРОЦЕНА) НА ВИСИНА И НАДОМЕСТ НА ШТЕТА
**Член 59**

(1) Висината на штетата се утврдува:
1. кај уништување и кражба на возило, односно кај сите тотални штети, според сумата на осигурување од полисата на која е осигурено возилото, намалена за износот на севкупната амортизација на возилото по сите основи и износот на остатоците на возилото.
   Ако новонабавната вредност на возилото со сите дополнителни давања (транспортни трошоци, царина, данок и слично) во време на утврдување на висината на штетата е помала од сумата на осигурување од полисата, висината на штетата се утврдува кога од новонабавната вредност ќе се одбие севкупната амортизација на возилото по сите основи и износот на остатоците на возилото.
   Амортизацијата и пазарната вредност на остатоците на возилото се утврдуваат според актите на осигурувачот;
2. кај оштетување на возила (делумна штета), според износот на трошоците за поправка, намалени за пазарната вредност на остатоците што се заменуваат. Во трошоците за поправка се сметаат и трошоците за демонтажа, за монтажа и за превоз.
   Висината на штетата може спогодбено да се утврди со пресметка за трошоците на поправката.
   Од износот на трошоците за набавка на нови делови заради замена на оштетените и износот на трошоците за лакирање не се одбива соодветен износ поради истрошеност (амортизација), освен во следниве случаи:
   а). не е осигурена амортизираната вредност (се одбива соодветен износ поради истрошеност на деловите) на клинести ремени, назабени ремени за погон на брегастото вратило, како и синџирчињата за погон на брегастотото вратило, како и на сите други ремени и синџирчиња што служат за одреден погон.
   При процена на штета и пресметка на висина, на име амортизација се одбива проценетиот износ на амортизација во зависност од:
      - бројот на поминати километри и пропишаниот број на километри од производителот;
      - ефективното време на работа;
      - истрошеноста;
   б). деловите што имаат зголемено трошење за време на работа и што мораат да се менуваат по одреден период, како на пример клипови, алки, клипници, коленесто вратило, брегасто вратило, кошулката на цилиндарот и на вентилите кај сите мотори со внатрешно согорување и клипни компресори, како и сите видови лежишта кај возилата, не се исклучени од осигурување, но кај нив не осигурена амортизираната вредност, односно при процена на штетата се одбива соодветниот износ на име проценета истрошеност.

При процена на штетата и пресметка на висината, на име амортизација, се одбива проценетиот износ на амортизација во зависност од:
- староста на возилото или бројот на поминати километри и пропишаниот број на километри од производителот;
- ефективното време на работа;
- истрошеноста;

в) кога наместо уништените, односно оштетените се набавуваат нови гуми, акумулатори или церади, во процентот во кој овие делови се амортизирани.
Осигурувачот има обврска да ја надомести цената од ценовникот на производителот на возилото зголемена за соодветни давања (царина, данок и сл.). Не се надоместуваат поголеми трошоци за поправка што настанале поради тоа што при поправката се направени измени, подобрувања или усовршувања.
Осигурувачот нема обврска да ја надомести вредноста на целото возило ако оштетениот или уништениот склоп, односно дел, не може да се набави за време на извршувањето на поправката, а се работи за склоп, односно дел што каталошки е предвиден за замена.

(2) Ако вредноста на возилото намалена за износот на амортизацијата и износот на вредноста на остатоците на денот на утврдување на висината на штетата е помала од трошоците за поправка, ќе се постапи како возилото да е уништено и штетата ќе се пресмета како тотална (став 1, точка 1 од овој член).

(3) Спасените делови на уништеното, односно оштетено возило (остатоците од возилото) остануваат на осигуреникот и нивната вредност се утврдува по пазарна вредност според состојбата во која се наоѓаат во моментот на утврдувањето на висината на штетата и таа вредност се одбива од висината на штета, доколку странките меѓусебно не се договорат поинаку.

(4) Ако во случај на остварување на ризиците од членот 51, став 1, точка 12 од овие Услови возилото се пронајде пред истекувањето на рокот од 60 дена, сметајќи од денот на пријавувањето на изчезнување на возилото кај надлежниот орган, осигуреникот е должен да го преземе возилото.
Ако возилото не се пронајде до истекувањето на рокот од претходната алинеја на овој став, осигуреникот има право да бара од осигурувачот штетата да му ја надомести како да се работи за потполно уништување на возилото без спасени делови.
Во тој случај, осигурувачот ја исплатува штетата по добивање на изјава од осигуреникот со која предметното возило го пренесува во сопственост на осигурувачот од денот на исплатата на штетата. Изјавата треба да биде заверена кај нотар.
Во случај на остварување на ризиците од членот 51, став 1, точка 12 од овие Услови, ако возилото се пронајде по истекување на рокот од 60 дена од денот на пријавата за исчезнување кај надлежниот орган, осигуреникот има право да бара од осигурувачот да го преземе возилото, но под услов да го врати евентуално исплатениот надомест.

(5) Кај осигурувањето на дополнителна опрема, прибор и резервни делови што не се стандардно испорачани од производителот на возилото, како и аудио и видеоапарати и радиостаница, клима-уреди и плински уред за движење на возилото, штетата ќе се надомести во висина на настанатата штета, а најмногу до висина на сумата на осигурување.

## НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ВО ВРСКА СО НАСТАНАТ ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ
### Член 60

(1) Осигурувачот има обврска да ги надомести:
1. трошоците за влечење или за превоз на оштетеното возило до најблиската сервисна работилница што може да изврши нужна или целосна поправка;
2. трошоците за влечење или за превоз на остатоците од уништеното возило, ако тоа е направено по барање на осигурувачот;
3. трошоците за чистење на местото на незгодата или за превезување на остатоците од возилото до најблиското дозволено место за депонирање. Не се покриени трошоците за превоз на товарот што го превезувало возилото.

(2) Осигурувачот нема обврска да ги надомести:
1. трошоците за отстранување на причината на штетата;
2. трошоците за вадење на возилото што се слизнало од патот, а на кое не е остварен осигурен случај (уништување или оштетување);
3. трошоците за интервенција на противпожарно друштво или на други организации чија должност е бесплатно да укажуваат помош кога ќе настапи осигурен случај.

(3) Ако е остварен осигурен случај, осигурувачот има обврска да ги надомести и:
1. штетата поради уништување или оштетување на возилото настаната при неговото спасување;

2. штетата поради употреба на облека, ќебиња и слично за гасење пожар;
3. штетата поради дожд и снег што настанала непосредно по оштетувањето на возилото; и
4. штетата поради изчезнување на предмети што се составен дел на возилото.

## ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРЕМИЈА
### Член 61

(1) За утврдување на премијата е меродавна набавната цена на ново возило (новонабавна цена), изразена во денари во моментот на склучување на договорот за осигурување, а за следниот период на осигурување (една година), новонабавната цена на денот на обнова на осигурувањето.
(2) Набавна цена на ново возило е цената на производителот зголемена за давачките (транспортни трошоци, данок, царина и сл.).
(3) Ако се работи за возило што го нема во продажба, ниту во каталогот за ориентациски цени на моторни возила, неговата новонабавна цена се утврдува според новонабавната цена на слично, односно сродно возило.
(4) Возилата со музејска вредност, трофејните возила, возилата составени од делови на две или на повеќе возила и сл. се осигуруваат на сума на осигурување со посебна спогодба.

## НАМАЛУВАЊЕ НА ПРЕМИЈА (БОНУС)
### Член 62

(1) Ако возилото без прекин било потполно или делумно осигурено со каско најмалку една година и ако во тоа време не била пријавена штета, договарачот на осигурувањето има право на попуст на премијата за тоа возило во наредната година на осигурување во висина од:
- 10% ако во текот на изминатата година на осигурување не е пријавена штета;
- 20% ако во текот на изминатите две години на осигурување не е пријавена штета;
- 30% ако во текот на изминатите три години на осигурување не е пријавена штета;
- 40% ако во текот на изминатите четири години на осигурување не е пријавена штета;
- 50% ако во текот на изминатите пет години на осигурување не е пријавена штета.

Договарачот на осигурување што по поранешните услови за осигурување стекнал право на попуст поголем од 50% го задржува тоа право до првопријавената штета или до губењето на попустот по некоја друга основа.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА (МАЛУС)
### Член 63

(1) На договарачот на осигурувањето што има склучено потполно или делумно каско-осигурување со траење од најмалку една година за 1 до 5 возила, кој во тековната година на осигурување пријавил две или повеќе штети, му се пресметува зголемување на премија (малус).
Зголемувањето на премијата за осигурување изнесува:
- кај втора штета ........ 5%
- кај трета штета ........ 10%
- кај четврта штета ........ 20%
- кај петта и секоја натамошна штета ........ 40%

од износот на претрпената штета.
Овој зголемување се пресметува од висината на штетата, а се наплатува при нејзината исплата.

## ДРУГИ ОДРЕДБИ ЗА БОНУС И ЗА МАЛУС
### Член 64

(1) Се смета дека штетата не е пријавена ако во рок од една година е ликвидирана без исплата на отштета или во полн износ по која било основа е регресирана. Во тој случај, на осигуреникот задолжително му се одобрува бонус.
(2) Бонусот по основите на овој член и на членот 62 од овие Услови не може да изнесува повеќе од 50%.
(3) Ако осигурувањето било во прекин, осигуреникот по прекинот има право на ист бонус за истото возило или за возилото што го заменил, ако до прекин во осигурувањето дошло пред истекувањето на годината на осигурување и ако прекинот не траел подолго од една година, под услов во претходниот период да не пријавил штета.
Ако осигурувањето било прекинато по истекувањето на годината на осигурување во која осигуреникот не пријавил штета, ниту пак е пријавена штета за време на прекинот, осигуреникот има право на бонус во смисла на соодветните одредби за бонус како да немало прекин, под услов прекинот да не траел повеќе од една година.
(4) Ако осигуреникот по уништување, продажба или сл., наместо порано осигуреното возило осигури друго возило, оствареното право на бонус преминува на новото возило, ако новото возило е од истата тарифна група. Ако возилото е уништено, продадено или сл. пред истекувањето на годината на осигурување, тогаш за следната година

на осигурување се пресметува истиот процент на бонус што се применувал при пресметувањето на премијата за осигурување за отуѓеното, односно уништеното возило, ако заменувањето на возилото е извршено во рок од една година.

(5) Во случај на продажба на возилото, правото на бонус не се пренесува на новиот сопственик.

(6) Ако осигуреникот го смени осигурувачот, му се признава право на бонус ако донесе писмена потврда од претходниот осигурувач за претходното траење на осигурување и бројот на еднаподруга годините без пријавена штета.

(7) Под потполно каско-осигурување се подразбираат и случаите кога со ова осигурување се склучи и осигурување на дополнителна опрема, прибор и резервни делови, кои не се сметаат за составни делови на возилото.

(8) Осигурувачот и договарачот на осигурување имаат право да бараат повторно пресметување на бонус, односно малус, ако дополнително се утврди дека во пресметкаачење за определување на износот на надоместот.

## ОСИГУРУВАЊЕ НА БАГАЖ ВО МОТОРНИ ВОЗИЛА

### ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ И ОСИГУРЕНИ ПРЕДМЕТИ
### Член 65

(1) Предмет на осигурување, во смисла на овие Услови, во зависност од содржината на договорот за осигурување, е багажот во моторните возила што се предмет на осигурување по овие Услови.

(2) Осигурувањето на багаж во возилата се однесува на предмети за лична потреба што осигуреникот, возачот или патниците ги носат со себе во возилото или на возилото, вклучувајќи ја и облеката што на овие лица им служи додека се на пат.

За багаж, во смисла на претходната алинеја, покрај вообичаените предмети за лични потреби, во зависност од времето, од целта и од траењето на патувањето, се сметаат уште и опремата за викенд и за кампување, аматерскиот фотоапарат и камерата со прибор, батерискиот радиоприемник, касетофонот, двогледот и спортските реквизити.

Не се смета за багаж:

1. материјал и предмети што служат за вршење на професионална дејност;
2. пари и документи од кој било вид и
3. накит и предмети од благородни метали.

(3) Кај осигурувањето на предмети од ставот 1 од овој член не се осигурени предметите што се превезуваат без присуство на сопственикот.

### ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)
### Член 66

(1) Осигурувачот има обврска да исплати надомест на штета предизвикана со уништување, оштетување или исчезнување на предмети од членот 65, став 2 од овие Услови, со остварување на опасности предвидени во членот 51 од овие Услови.

(2) При настанувањето на ризикот кражба, осигурувачот е должен да ја надомести штетата доколку дошло до кражба на возилото или предметите се украдени од заклучено возило, односно од возило што се наоѓало во заклучена гаража. Штетата се надоместува само ако кражбата е пријавена кај надлежен орган.

### МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ
### Член 67

(1) Предметите од членот 65, став 2 од овие Услови се осигурени од почетокот на тргнувањето на пат с? до враќањето од пат.

(2) Осигурувањето е во важност додека возилото се наоѓа на пат на територијата на Република Македонија и низ другите европски земји, ако не се договори поинаку.

### СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ И НАДОМЕСТ
### Член 68

(1) Сумата на осигурување се утврдува според вредноста на предметите што може да се најдат во возило.

(2) Кај тотална штета, на осигуреникот му се надоместува вредноста на осигурениот предмет, но најмногу до висината на сумата на осигурување.

(3) Кај делумна штета, отштетата се исплатува во целост, но најмногу до висината на сумата на осигурување.

## ОДДЕЛ 4

## ОСИГУРУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО

### ВОВЕДНА ОДРЕДБА
### Член 69

Со одредбите во овој оддел, осигурување на членовите на семејството од последици на несреќен случај, се регулираат односите помеѓу договарачот на осигурувањето и осигурувачот по договорените облици на осигурување во случај на:
- смрт од незгода;
- траен инвалидитет;
- преодна неспособност за работа (дневен надомест);
- влошено здравје што бара лекарска помош (трошоци за лекување).

### СПОСОБНОСТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
### Член 70

(1) Според овие Услови се осигуруваат само здрави лица, членови на семејството, без оглед на возраста . За членови на семејството се сметаат: брачните партнери, децата, родителите и другите членови на домаќинството што во полисата или во список приложен кон неа се наведени со име, презиме и со единствен матичен број.
Под домаќинство се подразбира секое семејство или друга заедница на лица чии членови живеат заедно и заеднички ги трошат своите приходи. Членовите на домаќинството што привремено живеат/престојуваат во друго место (на школување, на привремена работа и сл.) може да се осигуруваат како членови на семејството.

(2) Членовите на семејството чија општа здравствена состојба е влошена поради некоја потешка болест, или потешки телесни мани, или недостатоци, може да бидат осигурени само според Посебните услови за осигурување на зголемени (анормални) ризици за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода).

(3) Лицата што се потполно лишени од деловна способност во секој случај се исклучени од осигурување.

(4) Сите членови на семејството се осигуруваат на исти ризици и на еднакви осигурени суми доколку не се договори поинаку.

### ПОИМ ЗА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ
### Член 71

(1) Како несреќен случај во смисла на овие Услови се смета секој ненадеен настан независен од волјата на осигуреникот што дејствувајќи однадвор и нагло врз телото на осигуреникот има за последица негова смрт, целосен или делумен инвалидитет, преодна неспособност за работа или нарушување на здравјето што бара лекарска помош.

(2) Во смисла на претходниот став, како несреќен случај особено се сметаат следните настани: газење, судрување, удар со некаков предмет или на некаков предмет, удар на електрична струја или гром, паѓање, лизнување, уривање, ранување со оружје, со разни други предмети или експлозивни материи, убод со некаков предмет, удар или каснување на животно и убод од инсекти, освен ако со таков убод не е предизвикана некаква инфективна болест.

(3) Како несреќен случај се смета и следното:
1. труење со хемиски средства, освен професионални заболувања;
2. труење со храна што за последица има смрт на осигуреникот;
3. инфекција на повреда предизвикана од несреќен случај;
4. труење поради вдишување гасови или отровна пареа, со исклучок на професионални заболувања;
5. изгореници со оган или електрицитет, со жежок предмет, течност или пареа, киселина, лужини и сл.;
6. давење и утопување;
7. гушење или задушување поради затрупување (со земја, песок и сл.);
8. прснување на мускули, исколчување, прснување на зглобните врски, кршење на здрави коски што ќе настане поради нагли телесни движења или ненадејни напрегнувања предизвикани со непредвиден надворешен настан, доколку тоа непосредно веднаш по повредата е утврдено во болница или во друга здравствена установа;
9. дејствување на светлина, сончеви зраци, температури или лошо време, ако осигуреникот бил изложен непосредно поради еден несреќен случај настанат пред тоа, или се нашол во такви непредвидени околности што никако не можел да ги спречи, или бил изложен заради спасување човечки живот;
10. дејствување на рендгенски или радиумски зраци, ако настанат нагло и ненадејно, со исклучок на професионални заболувања.

(4) Не се сметаат како несреќен случај во смисла на овие Услови:
1. сите заразни, професионални и други болести, како и последиците од психички влијанија;
2. стомачна кила, кила на папокот, водна и друга кила, освен оние што ќе настанат поради директно оштетување на стомачниот ѕид, под непосредно дејство на надворешна механичка сила на стомачниот ѕид, доколку веднаш по повредата е утврдена трауматска кила, кај која болнички покрај килата е утврдена повреда на меките делови на стомачниот ѕид во тоа подрачје;
3. инфекции и заболувања што ќе настанат поради разни форми на алергија, сечење или кинење плускавци или други израстоци на цврста кожа;
4. анафилактичен шок, освен ако не настапи при лекувањето поради настанат несреќен случај;
5. хернија дисци интервертебралис, сите видови лумбалгии, дископатии, сакралгии, миофасцитис, кокцигодини, ишијалгии, фиброзитис и сите промени на слабинско-крстачната регија означени со аналогни термини;
6. одлепување на мрежницата (аблатио ретинае) на претходно болно или дегенеративно променето око, а со исклучок се признава одлепување на мрежницата на претходно здраво око, доколку постојат знаци на директна надворешна повреда на очната јаболчица, утврдена во здравствена установа;
7. последици што настанале кај осигуреникот поради алкохолно лудило (делириум тременс) и дејство на дрога;
8. последици на медицински, особено оперативни зафати, што се преземаат за лекување или за превентива заради спречување болести;
9. патолошки промени на коските, патолошки епифизиолизи и патолошки скршеници;
10. системни невромускуларни болести и ендокрини болести.

## ОБЕМ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ
### Член 72

(1) Кога ќе настане несреќен случај во смисла на овие Услови, осигурувачот ги исплатува износите договорени во договорот за осигурување, и тоа:
1. осигурената сума за во случај на смрт од незгода, ако поради несреќниот случај настапила смрт на осигуреникот, односно осигурената сума за во случај на инвалидитет, ако поради несреќниот случај настапил целосен (100%) инвалидитет на осигуреникот.
Ако настапи смрт од незгода на осигуреникот помлад од 14 години, осигурувачот ги исплатува трошоците за погреб врз основа на поднесените фактури, но најмногу до износот на осигурена сума во случај на смрт од незгода;
2. процентот од осигурената сума за во случај на инвалидитет, кој одговара на процентот на делумниот инвалидитет, ако поради несреќниот случај настапил делумен инвалидитет на осигуреникот;
3. дневниот надомест според членот 75, став 6 од овие Услови, ако осигуреникот поради несреќниот случај бил привремено неспособен за работа, односно за вршење на своето редовно занимање;
4. надоместот на трошоците за лекување според членот 75, став 7, 8 и 9 од овие Услови, ако на осигуреникот поради несреќниот случај му била потребна лекарска помош и ако поради тоа имал трошоци за лекување.

(2) Ако посебно не е договорено и ако не е платена соодветна зголемена премија, договорените осигурени суми се намалуваат сразмерно со премијата што требало да се плати во однос на фактички платената премија, кога несреќниот случај ќе настане:
1. при управување и возење со авион и со летала од сите видови, освен во својство на патник во јавниот сообраќај;
2. при тренинг и учество на осигуреникот во јавни спортски натпревари во својство на регистриран член на спортската организација.

(3) Ако осигуреникот што претрпел несреќен случај е постар од 70 години на денот на настанување на осигурениот случај осигурувачот има обврска да исплати 50% од износот што инаку би требало да го плати по полисата.

(5) Обврската на осигурувачот за новопримен член на семејството започнува во 24.00 часот во оној ден кога осигурувачот го примил известувањето за пристапување и кога е платена премијата.

(6) За лице што престанало да биде член на семејството (мажење, женење итн.) за време на траењето на осигурувањето осигурувањето е на сила до истекување на тековната година на осигурувањето.

## ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ
### Член 73

(1) Исклучени се сите обврски на осигурувачот ако несреќниот случај настанал:
1. при управување со летала од сите видови, пловни објекти, моторни и други возила без пропишана службена исправа што му дава овластување на возачот за управување и за возење со односниот вид и тип воздушно летало, пловен објект, моторно и друго возило.

Одредбите од точката 1 од овој став нема да се применуваат во случај кога непоседувањето на пропишаната службена исправа немало влијание врз настанувањето на несреќниот случај.
Во смисла на овие Услови, се смета дека осигуреникот ја поседува пропишаната службена возачка исправа кога заради подготвување и полагање испит за добивање службена исправа вози под непосреден надзор на службено овластен стручен инструктор;

2. поради обид или извршување на самоубиство на осигуреникот од кои било причини;
3. поради постоење причинска врска на дејствувањето на наркотични средства, лекарства или алкохолизираната состојба на осигуреникот и настанувањето на несреќниот случај.
   Се смета дека осигуреникот е во алкохолизирана состојба ако се утврди присуство на алкохол во крвта повеќе од 10,8 милимола (0,5‰) кај возач, а кај другите осигуреници повеќе од 21,6 милимола (1,00‰);
4. при учество на осигуреникот во автомобилски, мотоциклистички, мотонаутички и други брзински трки, како и за време на практикување екстремни спортови како алпинизам, нуркање, едриличарство, падобранство, летање со параглајдери, змејови, банџи-скокање, скијање од кој било вид, ски-борд и други слични спортски активности.

## ПРИЈАВА НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ
### Член 74

(1) Осигуреникот што е повреден поради несреќен случај е должен:
1. веднаш да се јави на лекар, односно да повика лекар заради преглед и укажување на потребната помош и веднаш да ги преземе сите потребни мерки заради лекување, како и да се придржува на лекарските совети и упатства во поглед на начинот на лекувањето;
2. за несреќниот случај писмено да го извести осигурувачот веднаш кога е тоа можно според неговата здравствена состојба;
3. со пријавата на несреќниот случај да му ги достави на осигурувачот сите потребни известувања и податоци, особено за местото и за времето кога настанал несреќниот случај, потполн опис на настанот, име на лекарот што го прегледал или што го лекува, наод на лекарот за видот на телесните повреди, за настанатите и евентуалните последици, како и податоци за телесни недостатоци и болести што осигуреникот евентуално ги имал уште пред настанувањето на несреќниот случај.

(2) Ако несреќниот случај имал за последица смрт на осигуреникот, корисникот на осигурувањето е должен за тоа писмено да го извести осигурувачот и да ги обезбеди потребните документи.
(3) Трошоците за лекарски преглед, извештаи (почетен и заклучен извештај на лекарот, повторен лекарски преглед и наод на специјалист) и другите трошоци што се однесуваат за докажувањето на несреќниот случај и правата од договорот за осигурување паѓаат на товар на подносителот на барањето.
(4) Осигурувачот има право да бара од осигуреникот, договарачот, корисникот или од кое и да е друго правно или физичко лице дополнителни објаснувања, како и на свој трошок да преземе потребни мерки заради лекарски преглед на осигуреникот преку свои лекари, лекарски комисии и здравствени организации за да се утврдат важните околности во врска со пријавениот несреќен случај.

## УТВРДУВАЊА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИКОТ
### Член 75

(1) Ако осигуреникот починал, корисникот е должен да поднесе полиса, извод од матичната книга на умрените, потврда за смрт и лекарски извештај за причината за смртта (образец на Државниот завод за статистика), доказ за уплатената премија. Корисникот што со договорот за осигурување не е изречно предвиден едолжен е да поднесе и доказ за своето право на примање на осигурената сума.
1. Ако осигуреникот починал поради несреќен случај, корисникот е должен да поднесе и доказ за околностите на несреќниот случај, како записник од надлежен орган или други соодветни документи.

(2) Ако несреќниот случај имал за последица инвалидитет на осигуреникот, тој е должен да поднесе: полиса, , доказ за околностите за настанување на несреќниот случај и медицинската документација - доказ за останатите последици за определување на конечниот процент на трајниот инвалидитет.
Медицинската документација задолжително треба да содржи почетна документација од првиот лекарски преглед по незгодата и сите лекарски извештаи и наоди издадени во текот на лекувањето.
(3) Конечниот процент на инвалидитетот го определува осигурувачот, преку свој овластен претставник, според табелата за определување на процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода) за оваа категорија на осигуреници (во натамошен текст: табела). Во осигурувањето на лица од последици на несреќен случај (незгода) исклучиво се применува процентот одреден со табелата. Доколку некое телесно оштетување не е предвидено во табелата, процентот на инвалидитет се определува во согласност со слични оштетувања што се предвидени во табелата.

(4) Ако збирот на процентите на инвалидитетот според табелата поради загуба или оштетување на повеќе краишта или органи, поради еден или повеќе несреќни случаи изнесува над 100%, исплатата не може да биде повисока од осигурената сума што е договорена за во случај на потполн инвалидитет.

(5) Ако осигуреникот поради несреќен случај е привремено неспособен за работа, должен е за тоа да достави потврда од лекарот што го лекувал.
Оваа потврда (извештај) мора да содржи: лекарски наоди со потполна дијагноза, точни податоци кога започнало лекувањето и од кој до кој ден осигуреникот не бил способен да го врши своето редовно занимање.

(6) Ако несреќниот случај има за последица привремена неспособност за работа на осигуреникот, а во договорот за осигурување во тој случај е предвидена исплата на дневен надомест, осигурувачот му го исплатува на осигуреникот овој надомест во договорената висина од денот означен во полисата, а доколку тој ден не е определен, од првиот ден што следува по денот кога е започнато лекувањето кај лекарот или во здравствената установа, до последниот ден на траењето на работната неспособност, односно до денот на смртта или утврдувањето на инвалидитетот, но најмногу за 200 дена.
Бројот на деновите за кои се исплатува дневен надомест за определен вид повреда, се утврдува врз основа на лекарската потврда - извештај од ставот (5) на овој член, но најмногу до бројот на деновите определени за тој вид повреди во табелата на дневен надомест за оваа категорија на осигуреници.
Ако работната неспособност е продолжена од било кои здравствени причини, осигурувачот е должен да исплати дневен надомест само за време траењето на боледувањето предизвикано исклучиво од несреќниот случај, без разлика дали боледувањето било со полно или со скратено работно време.

(7) Ако несреќниот случај има за последица нарушување на здравјето на осигуреникот што бара лекарска помош, а е договорен и надомест на трошоци за лекување, без разлика на тоа дали има и некакви други последици, осигурувачот му исплатува на осигуреникот надомест на сите фактички и нужни трошоци за лекување (според поднесените докази) сторени најдолго во текот на една година од денот на настанувањето на несреќниот случај, а најмногу до договорениот износ.

(8) Во трошоците за лекување според претходниот став, спаѓаат само трошоци за лекување направени за здравствени услуги што се опфатени со задолжителното здравствено осигурување, таканаречени "основни здравствени услуги" определени во Законот за здравствено осигурување. Трошоци за лекување за здравствени услуги што не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување, воопшто не се предмет на осигурувањето по овие Услови.

(9) Осигурувачот не е должен да ги надомести трошоците за лекување, ако осигуреникот има право на бесплатно лекување во здравствена организација, односно тој има обврска само за надомест на оној дел на трошоците за лекување што ги плаќа осигуреникот од лични средства (учество со лични средства) според одредбите од Законот за здравствено осигурување.
Осигурувачот не е должен да ги надомести трошоците за лекување ако осигуреникот нема право на задолжително здравствено осигурување и во тој случај осигурувачот има обврска за надомест само на делот на трошоците за лекување што би ги платил осигуреникот кога би имал право на задолжително здравствено осигурување.

## ИСПЛАТА НА ОСИГУРЕНАТА СУМА
### Член 76

(1) Осигурувачот е должен да ја исплати договорената осигурена сума, односно надоместот само ако несреќниот случај настанал за времетраење на осигурувањето и ако последиците на несреќниот случај се предвидени во членот 72 од овие Услови.

(2) Во осигурувањето на лица од последици на несреќен случај (незгода), во случај на траен инвалидитет, исклучиво се применува процентот одреден со табелата на инвалидитет.

(3) Процентот на инвалидитет се определува според табелата по завршеното лекување во времето кога кај осигуреникот во однос на претрпените повреди и настанати последици настапила состојбата на стабилизацијата, т.е. кога според лекарското предвидување не може да се очекува дека ќе се подобри или ќе се влоши состојбата.
Ако таа состојба не настапи ниту по истекувењето на 3 години од денот на настанувањето на несреќниот случај, како конечна се зема состојбата по истекувањето на овој рок и кон неа се определува конечниот процент на инвалидитетот.

(4) Доколку за утврдување на висината на обврската на осигурувачот е потребно одредено време, осигурувачот е должен по барање на осигуреникот да му го исплати износот што неспорно одговара на процентот на инвалидитетот за кој веќе тогаш врз основа на медицинска документација може да се утврди дека ќе остане трајно.
Осигурувачот нема да исплати аконтација, ако пред тоа не е утврдена неговата обврска, со оглед на околностите под кои настанал несреќниот случај.

(5) Ако осигуреникот почине пред истекувањето на една година од денот на настанувањето на несреќниот случај од последици на ист несреќен случај, а конечниот процент на инвалидитет веќе бил утврден, осигурувачот го

исплатува износот што е определен за во случај на смрт, односно разликата помеѓу осигурената сума за во случај на смрт и износот што бил исплатен пред тоа на име инвалидитет, доколку постои таква разлика.

(6) Ако конечниот процент на инвалидитет не бил утврден, а осигуреникот почине поради истиот несреќен случај, осигурувачот ја исплатува осигурената сума определана за во случај на смрт од несреќен случај, односно само разликата помеѓу таа сума или евентуално веќе исплатениот дел (аконтација), но само тогаш ако осигуреникот починал најдоцна во рок од три години од денот на настанувањето на несреќниот случај.

(7) Ако пред утврдувањето на конечниот процент на инвалидитетот во рок од 3 години од настанувањето на несреќниот случај настапи смрт на осигуреникот од која и да е друга причина, освен наведената во претходниот став на овој член, висината на обврската на осигурувачот од основата на инвалидитетот се утврдува врз основа на постојната медицинска документација.

(8) Доколку настапи смрт на осигуреникот или инвалидитет како подоцнежна последица од настанатиот несреќен случај, осигурувачот му го исплатува на корисникот, односно на осигуреникот износот на осигурената сума предвиден за таквите случаи без разлика на исплатениот дневен надомест за преодна неспособност за работа и исплатениот надомест на трошоци за лекување.

## КОРИСНИЦИ НА ОСИГУРУВАЊЕТО
### Член 77

(1) Корисникот за во случај на смрт на осигуреникот се утврдува во полисата за осигурување.

(2) Ако во полисата или во дополнителните услови не е поинаку, или воопшто не е ништо предвидено, како корисници за во случај на смрт на осигуреникот се сметаат:
1. децата и брачниот партнер на осигуреникот на еднакви делови, а доколку децата не се живи нивните потомци според правото на претставување;
2. ако нема деца ниту нивни потомци, брачниот партнер на едната половина, а родителите на другата;
3. ако нема ни брачен партнер само родителите;
4. ако ги нема лицата наведени во претходните точки, другите законски наследници врз основа на судска одлука.

(3) За брачен партнер се смета лицето кое живеело во брачна или вонбрачна заедница со осигуреникот во моментот на неговата смрт.

(4) Во случај на инвалидитет, краткотрајна неспособност за работа, како и надомест на трошоците за лекување, корисник е самиот осигуреник, доколку не е договорено поинаку.

(5) Ако корисник на осигурувањето е малолетно лице, исплатата на осигурените суми и на надоместоците ќе се изврши на неговите родители, односно на старателот, а осигурувачот има право да бара од наведените лица за таа цел претходно да поднесат овластување за прием на износот на осигурената сума, односно надоместот.

## ЗАВРШНА ОДРЕДБА
### Член 78

Составен дел на овие Услови е Табелата за определување на процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода) за оваа категорија на осигуреници и Табелата на дневен надомест за оваа категорија осигуреници.

## ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТ
### Член 79

Доколку не се во спротивност со овие Услови, на осигурувањата склучени според овие Услови се применуваат и Општите услови за осигурување на имот.

## КЛАУЗУЛА ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ
### Член 80

(1) Осигурувачот нема да изврши исплата на надомест на оштетно побарување или било каков друг вид на надомест, по претходно склучен договор за осигурување врз основа на овие Општи услови за осигурување (или било кои други дополнителни или посебни услови за осигурување кои се поврзани со овие Услови), доколку плаќањето на надоместот на оштетното побарување или друг вид на надомест го изложи Осигурувачот на било какви рестриктивни мерки определени со позитивно правни акти на ООН, САД, ЕУ или Република Северна Македонија.

## ПРАВО НА ЖАЛБА
### Член 81

Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето можат да доставаат жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето, како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

## НАДЛЕЖЕН СУД
**Член 82**

Во случај на спор меѓу договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот, месно е надлежен Основниот граѓански суд Скопје.

Прилог бр.1

## ТАБЕЛА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРОЦЕНТ НА ТРАЕН ИНВАЛИДИТЕТ КАКОПОСЛЕДИЦА ОД НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)
**за комбинирано осигурување на семејствата**

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

(1) Во смисла на членот 75 од Посебните услови за комбинирано осигурување на семејствата, оваа Табела за одределување процент на траен инвалидитет (во натамошниот текст: Табела на инвалидитет), е составен дел на овие Посебни услови и на секој одделен договор за комбинирано осигурување на семејствата од последици на несреќен случај (незгода) кој договарачот на осигурувањето ќе го склучи согласно овие услови со Акционерското друштво за осигурување и реосигурување Македонија, Скопје - Виена Иншуренс Груп.

(2) Како траен инвалидитет во смисла на оваа Табела на инвалидитет се смета трајна, иреверзибилна состојба на нарушување на нормалната функција на дел, односно орган на телото.

(3) Во осигурувањето на лица од последици на несреќен случај (незгода), во случај на траен инвалидитет, исклучиво се применува процентот одреден со оваа Табела на инвалидитет.

(4) Во случај на повреда, конечниот инвалидитет се определува најрано три месеци по завршеното севкупно лекување, со исклучок кај ампутација и точките од Табелата каде поинаку е определено. За псевдоартроза, нагмечување на коскено-мускулната структура и синдром на пренапрегнување не се одредува инвалидитет.

(5) Кај повеќекратните повреди на одделни делови, 'рбетот или органите, вкупниот инвалидитет на одреден дел, 'рбет или орган се определува така, што за најголема последица на оштетување се зема полниот процент предвиден во Табелата, од следното најголемо оштетување се зема половина од процентот предвиден во Табелата итн. по ред, 1/4, 1/8 итн. Вкупниот процент не може да го надмине процентот кој е одреден со Табелата на инвалидитет за потполна загуба на тој дел или орган.

(6) Ако осигуреникот имал траен инвалидитет пред настанувањето на несреќниот случај, обврската на осигурувачот се одредува според новиот инвалидитет, независно од поранешниот, освен во следниве случаи:
   а). ако новиот несреќен случај предизвикал зголемување на дотогашниот инвалидитет, обврската на осигурувачот се утврдува за разликата помеѓу вкупниот процент на инвалидитет и поранешниот процент;
   б). ако новиот несреќен случај предизвикал загуба или повреда на еден од порано повредените делови или органи, обврската на осигурувачот се утврдува само за зголемениот инвалидитет;
   в). ако со рендгенолошки прегледи е докажано дека дегенеративните болести на коскено-зглобниот систем постоеле пред несреќниот случај, осигурителот ќе го намали трајниот инвалидитет од Табелата за инвалидитет за 1/3 од проценетиот инвалидитет;
   г). ако се докаже дека осигуреникот е заболен од шеќерна болест, болести на средниот и периферниот нервен систем, глувост, слабовидност, болести на крвните садови или хронични болести на белите дробови и ако тие болести делуваат за зголемување на инвалидитетот по настанатиот несреќен случај, осигурувачот ќе го намали крајниот инвалидитет по табелата за инвалидитет за 1/2;
   д). ако претходна хронична болест е причината за настанокот на несреќниот случај, осигурувачот ќе го намали крајниот инвалидитет по Табелата за инвалидитет за 1/2.

(7) Оценките на инвалидитетот за различни последици на еден орган или екстремитет не се собираат, но можат да бидат оценети по онаа точка која утврдува највисок инвалидитет за таа последица.

(8) Во случај на загуба на повеќе делови или органи при еден несреќен случај, процентите на инвалидитет за секој одделен дел или орган се собираат, но не може да изнесуваат повеќе од 100%, ниту помалку од процентот на највисокиот поединечен инвалидитет.

(9) Субјективните тешкотии во смисла на намалување на мускулната моторна сила, страв, болки и оток на местото на повредата не се земаат во предвид при одредувањето на процентот на траен инвалидитет. Индивидуалните способности, социјалната положба или занимање (професионална способност) на осигуреникот не се земаат предвид при одредувањето на процентот на инвалидитет.

## I. ГЛАВА

1. Перзистентна вегетативна состојба ........ 100%
2. Оштетување на мозокот со клинички утврдена слика:
   - хемипареза со силно изразен спастицитет;
   - екстрапирамидна симптоматологија (невозможна координација на движењата или постоење на груби ненамерни движења);
   - оштетување на малиот мозок со изразени растројства на рамнотежата на одот и координација на движењето ........ 90%
3. Псевдобулбарен синдром ........ 80%
4. Посттравматска епилепсија докажана со објективни дијагностички методи и болнички лекувања:
   а). со зачестени напади (најмалку еднаш неделно ........ 60%
   б). со ретки напади ........ 20%
5. Жаришни оштетувања на мозокот со болнички евидентирани последици на психоорגански синдром, со наод на психијатар и психолог по болничко лекување со соодветни испитувања:
   а). во лесен степен ........ 30%
   б). во среден степен ........ 40%
   в). во силен степен ........ 60%
6. Хемипареза или дисфазија:
   а). во лесен степен ........ 30%
   б). во среден степен ........ 40%
   в). во силен степен ........ 50%
7. Оштетувања на малиот мозок со адиодохокинеза и асинергија ........ 40%
8. Состојба после нагмечување на мозокот докажано во текот на болничко лекување со објективни дијагностички постапки на дијагностичка обработка (ЦТ, ЕЕГ):
   а). без невролошки испади ........ 5%
   б). со благи невролошки испади ........ 20%
   в). со невролошки испади во среден степен ........ 35%
   г). со невролошки испади во силен степен ........ 50%
9. Состојба по трепанација на сводот на черепот или кршење на базата на черепот, сводот на черепот, рендгенолошки верифицирано ........ 10%
10. Посткомоционален синдром по болнички утврден потрес на мозокот без постоење на објективни невролошки наоди со изворна медицинска документација добиена во рок од 24 часа по повредата и последователна медицинска документација за текот на лекувањето ........ 1%
11. Загуба на коса над 1/3 од површината на косата ........ 5%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. Патолошките состојби на мозокот кои довеле до промени во мозокот не се опфатени со осигурување.
2. За потресите на мозокот кои не се болнички утврдени во рок од 24 часа по повредата и немаат историјат на лекување после повредата не се признава инвалидитет.
3. Сите форми на епилепсија мораат да бидат утврдени болнички со примена на современи дијагностички методи.
4. Кај различните последици од повреда на мозокот при еден несреќен случај процентите на инвалидитет не се собираат, туку се одредува процент само по точката која е најповолна за осигуреникот.
5. Трајниот инвалидитет за сите случаи кои спаѓаат под точките од 1 до 8 се определува најрано 2 години по повредата.

## II. ОЧИ

12. Потполна загуба на видот на обете очи ........ 100%
13. Потполна загуба на видот на едно око ........ 33%
14. Ослабување на видот на едно око:
   а). за прва десеттина намален вид ........ 1,65%
   б). за втора десеттина намален вид ........ 3,70%
   в). за трета десеттина намален вид ........ 6,00%
   г). за четврта десеттина намален вид ........ 9,00%

д). за петта десеттина намален вид ........ 12,50%
ѓ). за шеста десеттина намален вид ........ 16,50%
е). за седма десеттина намален вид ........ 20,50%
ж). за осма десеттина намален вид ........ 24,50%
з). за деветта десеттина намален вид ........ 28,50%

15. Во случај да на другото око дошло до потполна загуба на видот, за секоја десеттина намалување на видот на повреденото око, се определува:
а). за прва десеттина намален вид ........ 3,30%
б). за втора десеттина намален вид ........ 7,40%
в). за трета десеттина намален вид ........ 12,00%
г). за четврта десеттина намален вид........ 18,00%
д). за петта десеттина намален вид ........ 25,00%
ѓ). за шеста десеттина намален вид ........ 33,00%
е). за седма десеттина намален вид ........ 41,00%
ж). за осма десеттина намален вид ........ 49,00%
з). за деветта десеттина намален вид ........ 57,00%

16. Диплопија како трајна и ирепарабилна последица од повреда на око:
а). екстерна офталмоплегија........ 10%
б). тотална офталмоплегија ........ 20%

17. Загуба на очно сочиво:
а). афакија - еднострана........ 20%
б). псевдоафакија - еднострана ........ 5%
в). афакија - двострана ........ 30%
г). псевдоафакија - двострана ........ 10%

18. Делумни оштетувања на мрежницата и стаклестото тело:
а). делумен испад на видното поле како последица на посттравматска Аблациа ретине ........ 3%
б). Опациталес коропорис витреи како последица на травматско крвавење во стаклестото тело на окото ........ 3%

19. Мидријаза како последица на директна траума на окото ........ 3%

20. Непотполна внатрешна офталмоплегија ........ 10%

21. Повреда на солзниот апарат и очните капаци:
а). епифора ........ 3%
б). ентропиум, ектропиу ........ 3%
в). птоза на капаците........ 3%

22. Концентрично стеснување на видното поле на преостанатото око:
а). до 60 степени........ 10%
б). до 40 степени........ 30%
в). до 20 степени........ 50%
г). до 5 степени........ 60%

23. Еднострано концентрично стеснување на видното поле:
а). до 50 степени........ 5%
б). до 30 степени........ 10%
в). до 5 степени........ 20%

24. Хомонимна хемианопсија........ 30%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. Инвалидитет по Аблациа ретине се определува по точките 13, 14, 15 или 18.
2. Повредата на очната јаболкница која предизвикала Аблациа ретине мора да биде болнички дијагностицирана.
3. Оцената на оштетувањата на очите се врши по завршеното лекување со исклучок по точките 16 и 20, за кои минималниот рок изнесува една година по повредата.

## III. УШИ

25. Потполна глувост на обете уши со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган ........ 40%
26. Потполна глувост на обете уши со згаснати калорични реакции на вестибуларниот орган ........ 60%

27. Потполна глувост на едно уво со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган........................................... 10%
28. Потполна глувост на едно уво со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган на тоа уво....................... 15%
29. Обострана наглувост со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган обострано:
    - вкупна загуба на слухот по Фулер-Сабине:
    а). од 31% до 60%........................................................................................................................... 10%
    б). од 61% до 85%........................................................................................................................... 20%
30. Обострана наглувост со згасната калорична реакција на двата вестибуларни органа:
    - вкупна загуба на слухот по Фулер-Сабине:
    а). од 20% до 30%........................................................................................................................... 10%
    б). од 31% до 60%........................................................................................................................... 20%
    в). од 61% до 85%........................................................................................................................... 30%
31. Еднострана тешка наглувост со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган
    - загуба на слухот на ниво од 90 до 95 децибели.............................................................................. 10%
32. Еднострана тешка наглувост со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган:
    - загуба на слухот на ниво од 90 до 95 децибели............................................................................ 12,5%
33. Повреда на ушната школка:
    а). потполна загуба или потполна деформација .................................................................................. 15%

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**

За сите случаи од ова поглавје инвалидитетот се определува по завршеното лекување, но не порано од 6 месеци по повредата, со исклучок на точката 33, која се оценува по завршеното лекување.

## IV. ЛИЦЕ

34. Белезно деформирачки оштетувања на лицето со функционални пречки и/или посттравматски деформитети на коските на лицето:
    а). во среден степен........................................................................................................................... 5%
    б). во силен степен........................................................................................................................... 15%

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**

За козметичките и естетските белези на лицето не се одредува инвалидитет.

35. Ограничено отворање на устата:
    а). растојание на горните и долните заби - до 3 см........................................................................... 10%
    б). растојание на горните и долните заби - до 1,5 см......................................................................... 30%
36. Дефекти на виличните коски на јазикот или на непцето со функционални пречки:
    а). во среден степен........................................................................................................................... 10%
    б). во силен степен........................................................................................................................... 25%

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**

1. За случаите по точките 34, 35 и 36 инвалидитет се одредува по завршеното лекување, но не порано од 6 месеци по повредата.
2. За загуба на заби не се одредува инвалидитет.

37. Пареза на фацијалниот нерв по фрактура на слепоочната коска или повреда на соодветната паротидна регија:
    а). во среден степен........................................................................................................................... 5%
    б). во силен степен со контрактура и кај мимичка мускулатура ........................................................... 20%
    в). парализа на фацијалниот нерв........................................................................................................ 30%

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**

Инвалидитетот по точката 37 се одредува по завршеното лекување, но не порано од 2 години по повредата.

## V. НОС

38. Повреда на носот:
    а). делумна загуба на носот .................... 15%
    б). загуба на целиот нос .................... 30%
39. Аносмиа како последица на верифицирана фрактура на горниот внатрешен дел на носниот скелет .................... 3%
40. Деформација на носната пирамида после фрактура со дислокација на носните коски .................... 5%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. Кога ќе се утврдат различни последици на повредата на носот поради еден несреќен случај, процентите за инвалидитет не се собираат, туку инвалидитетот се оценува по најповолната точка за осигуреникот.
2. Инвалидитетот од точка 39 се утврдува по завршеното лекување, но не пред истекот на една година од повредата или операцијата.
3. За повреда по точката 40 осигуреникот е должен на осигурувачот да му достави на увид РТГ-снимки.

## VI. ДУШНИК И ХРАНОПРОВОДНИК

41. Повреди на душникот:
    а). состојба по трахетомија кај виталните индикации по повредата .................... 5%
    б). стеноза на душникот по повреда на гркланот и на почетниот дел на душникот .................... 10%
42. Стеноза на душникот поради која мора трајно да се носи канила .................... 60%
43. Стеснување на хранопроводникот, рентгенолошки докажано:
    а). во лесен степен .................... 5%
    б). во силен степен .................... 30%
44. Потполно стеснување на хранопроводникот со трајна гастростома .................... 80%

## VII. ГРАДЕН КОШ

45. Повреди на ребрата:
    а). кршење на едно или две ребра ако е залекувано со дислокација, или скршнување на стернумот зараснат со дислокација без намалување на белодробната вентилација од рестриктивен тип .................... 2%
    б). кршење на 3 или повеќе ребра залекувано со дислокација без смалување на белодробната вентилација од рестриктивен тип .................... 5%
46. Состојба по терактомија .................... 5%
47. Оштетување на функцијата на белите дробови од рестриктивен тип поради кршење на едно или повеќе ребра, пентрантни повреди на градниот кош, посттравматска адхезија, хематоторакса и пневматоракса:
    а). во лесен степен, 20%-30% смалување на виталниот капацитет .................... 10%
    б). во среден степен, 31%-50% смалување на виталниот капацитет .................... 30%
    в). во силен степен за 51% или повеќе смалување на виталниот капацитет .................... 50%
48. Фистула по емпиема .................... 10%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. Капацитетот на белите дробови се одредува со повторена спирометрија, а по потреба и со детална пулмолошка обработка и ергометрија.
2. Ако состојбата од точките 45, 46 и 48 е проследена со пореметување на функцијата на белите дробови од рестриктивен тип, тогаш не се оценува по наведените точки, туку по точката 47.
3. Инвалидитетот по точките 47 и 48 се оценува по завршеното лекување, но не порано од една година од денот на повредата.
4. Ако со спирометрија се докаже мешано пореметување на функцијата на белите дробови (опструктивно и рестриктивно), инвалидитетот се намалува сразмерно на испадот на функцијата поради болест.

49. Загуба на една дојка:
    а). до 50 години живот .................... 10%
    б). преку 50 години живот .................... 5%

в). тешко оштетување на дојката до 50 години живот........................................................................................ 5%
50. Загуба на двете дојки:
а). до 50 години живот............................................................................................................................ 30%
б). преку 50 години живот ........................................................................................................................ 15%
в). тешко оштетување на двете дојки до 50 години живот.......................................................................... 10%
51. Последици од пенетрантни повреди на срцето и големите крвни садови на градниот кош:
а). срце со нормален електрокардиограм .................................................................................................. 10%
б). со променлив електрокардиограм според тежината на промената........................................................ 30%
в). крвни садови......................................................................................................................................... 10%
г). аневризма на аортата со инплантата.................................................................................................... 30%

## VIII. КОЖА

52. Длабоки белези на телото по опекотини или повреди без пречки на мотилитетот, а повредите зафаќаат површина над 5 см2:
а). од 5% до 10% од површината на телото.................................................................................................. 5%
б). од 10% до 20% од површината на телото................................................................................................ 10%
в). преку 20% од површината на телото....................................................................................................... 15%
53. Длабок белег на кожата по повреди или опекотини кои предизвикале поголем белег на кожата од 5 см2 ......................................................................................................................... 1%

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ

1. Случаите од точката 52 се пресметуваат со примена на правилото на деветка.
2. Длабок белег настанува по интермедијални опекотини (II Б степен) и/или повреди со мал дефект на кожата.
3. Длабок белег настанува по длабоки опекотини (III степен) или поткожни субдермални (IV степен) и/или поголем дефект на кожниот покрив.
4. За последиците од епидермални опекотини (I степен) и површината (II А степен) инвалидитет не се определува.
5. Процентот на инвалидитет се утврдува по завршеното лекување, но не порано од 6 месеци од настанувањето на несреќниот случај.
6. Функциските пореметувања предизвикани со изгореници или повреди од точка 52, се оценуваат согласно соодветните точки од Табелата на инвалидитет.

## IX. СТОМАЧНИ ОРГАНИ

